# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Четвртото продолжение на Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 25 јули 2003 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Триесеттата седница.

Пратениците Неждет Мустафа, Трифун Костовски, Славе Арсовски, Тасим Сулејманоски, Зоран Крстевски, Слбодан Даневски, Љубисав Иванов, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Илија Китановски, Ванчо Стаменков, Сашко Кедев, Аднан Ќахил, Марија Којзаклиска, Никола Груевски, Ѓорѓи Оровчанец, Ганка Самоилова-Цветанова, Ангелка Пеева-Лауренчич, Али Ахмети и Ѓорѓи Спасов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по 18-та точка - Нацрт-закон за заштита на културното наследство.

Претресот е затворен.

Продолжуваме со гласање по Нацрт-законот за заштита на културното наследство.

На Собранието му предлагам да го усвои  следниот Заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на законот за заштита на културното наследств.

Имајќи предвид дека со Нацрт на закон за заштита на културно наследство се уредуваат прашања од поширок интерес заради обезбедување на пошироко и непосредно учество на граѓаните, претпријатијата, јавните установи, институциите, здруженијата на граѓани, политички партии, Синдикат и други заинтересирани субјекти.

Согласно член 156 од Деловникот на Собранието Нацртот на законот се става на јавна дискусија.

Јавната дискусија по Нацртот на законот за заштита на културно наследство ќе трае 60 дена од денот на усвојување на Нацртот.

Владата на Република Македонија да го објави Нацртот на законот за заштита на културно наследство заедно со повикот за доставување мислење и предлози во дневниот печат и определениот рок од Собранието во кој тие можат да се доставуваат.

Владата на Република Македонија, односно Министерството за култура да обезбеди собирање и средување на мислењата и предлозите што биле изнесени во текот на јавната дискусија и да подготви извештај за резултатите од јавната дискусија.

Овој заклучок заедно со извештаите на надлежните работни тела на Собранието и расправата од седницата на Собранието по Нацртот на закон да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за култура.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник. Сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Романија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и извештаите на работните тела ви се доставени и поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Романија.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник. Сите гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието се согласува на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника. Сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Амандмани нема поднесено.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Романија.

Минуваме на точка 19 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени и поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор  Тале Герамитчиоски, заменик министер за образование.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Почитуван  претседателе, почитувани пратеници пред вас е текстот на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, како и  за наредната точка доколку претседателот дозволи во ова мое воведно излагање да  направам еден краток осврт и на вториот предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование, бидејќи карактерот, природата на измените на двата закони се од слична природа.

Во самиот текст на законот, значи главната цел која што Министерството за образование и наука сакаше да ја постигне при предлагање на овој текст беше да се изврши усогласување на законот за основно образование со законот за локална самоуправа во однос на трансферот на надлежностите во делот на образованието. Значи, поголемиот дел на суштински измени во законските решенија се однесуваат на потребата од поинаков начин на управување со основните училишта, надлежностите се префрлаат на делот на локалната самоуправа, значи во делот на

управувањето со основните училишта од инфраструктурен карактер и од кадровски карактер. Освен овој дел на измените, соодветни измени во одредени членови се однесуваат и на усогласување со уставните измени после 2001 година, после потпишување на Рамковниот договор, односно со новите амандмани од Уставот на Република Македонија што се однесуваат на начинот на остварување на воспитно образовната дејност во паралелките во кои наставата се остварува на јазик различен од македонскиот јазик. Дел од измените и дополнувањата на законот за основно образование исто така се направени и од дополнителни согледувања кои што биле пречка во практична примена на некои одредби на законот. Значи, искористена е оваа постапка за да се направи квалитативна промена во деловите во кои што практичната примена на законот наидуваше на потешкотии. Доколку ги разгледате двата предлози на закони заедно, ќе видите дека суштинските измени кои што се однесуваат на делот на трансферот на надлежностите во управувањето од централно на локално ниво, на локална самоуправа, ќе видите дека понудените измени и решенија во законот се од иста природа. Но, јас би направил дистинкција и разлика во делот на законот за средно образование во кој што за разлика од законот за основно образование во кој што се дефинира како основач на основните училишта општината, во предлозите за измена на Законот за средно образование како основач може да се јави оштината, државата доколку согледа потреба од посебни профили на кадри кои што се од интерес на развојот на Република Македонија и се разбира дека тука е дозволена и приватна иницијатива, односно како и во досегашните законски решенија, значи постоење на приватни средни училишта.

Овие решенија кои што се дадени во двата предлози на закони се направени со низа согледувања од страна на експертски групи, како домашни експерти, така и меѓународни експерти кои што направија согледувања во делот на пренесување на надлежностите од централно на локално ниво.

Последниот дел кој што се однесува на начинот на финансирање на училиштата и во двата предлози за измени на законите се повикуваме на Законот за финансирање на општините кој што треба во наредна фаза да биде разгледуван од ваша страна. Значи, ние одговоривме на обврската која што Владата ни ја пренесе за да излеземе со Предлог на закон, до оној дел кој што се однесува на финансирањето во кој што се повикуваме на новиот Закон за финансирање на општините во кој што ќе бидат регулирани начинот на кој што ќе се трансферираат материјалните средства од централно на локално ниво и во делот на

образованието, односно остварување на надлежностите на локалната самоуправа во делот на образованието. Се разбира дека ова е отварање на постапка во прва фаза и ние сме отворени за предлози, за сугестии од ваша страна, се надеваме дека во една расправа ќе придонесете за подобрување на текстот во одделни членови во кои што навистина при составувањето постоеја одредени дилеми, а во некои одредби во кои што, особено во делот на начинот на изборот на директорите на училиштата каде што претстојат навистина суштински измени, мораше да направиме усогласувања со Законот за локална самоуправа во кој што надлежностите на градоначалникот се прецизно уврдени во делот на именување на лица кои што ќе управуваат со јавните установи, односно со јавните претпријатија. Значи, повторно потенцирам дека станува збор за прва фаза на започнување на постапката. Се надевам дека во вашата расправа ќе потенцирате кои се слабите страни на овој Предлог текст кој што ви е понуден од страна на Министерството за образование и наука, односно Владата на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на воведното излагање по двата закони.

Отворам расправа.

Расправата сепак ќе ја водиме поединечно за основно и за средно образование.

Молам, кој бара збор?

Има збор Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Министерството за образование, со зголемувањето на правата надлежностите и обврските на органите на локалната самоуправа природно е да биде опфатен и системот на основно и средно образование. Од овие причини како и од обврските што произлегуваат, како што кажа и господинот Герамитчиоски, од новите амандмани на Уставот на државата, сметаме дека предлагачот е во право што ни дава предлог за донесување на закон за измени и дополнувања на Законот за основно образование, па и средно образование.

Со Предлогот се прави чекор напред кон децентрализација на основното образование со што се зголемуваат повеќе правата на локалната самоуправа и на училиштата од оваа област. Меѓутоа, колку што јас можев да забележам

изостануваат обврските особено на локалната самоуправа околу финансирањето и подобрувањето на материјалната положба на училиштата и тоа: снабдувањето со современа наставна и информатичка технологија, подобрување на условите за работа во училиштата, односно изградба на нов училишен простор, тековното и инвестиционото одржување на објектите, подобрување на хигиено-техничките услови, превозот на учениците и вработените. Со овој Предлог-закон треба да се направи една јасна дистинкција во две насоки и тоа : сите стручни работи, наставните планови, програмите, стручното усовршување и оспособување, употребата на учебниците, стручниот надзор врз работата на училиштата треба да останат во надлежност на Министерството за образование и наука. Додека финансирањето на платите на вработените и изградбата на нов училишен простор, тековното и инвестиционото одржување на објектите, патните трошоци за одење и враќање на работа, од работа, односно до училиштето на вработените и учениците, како и осигурувањето на објектите од елементарни непогоди да падне на товар на локалната самоуправа. Или пак да се размисли на пример за словенечкиот модел во кој што различно од овој предлог е само тоа што платите на вработените се на товар на државниот буџет. Ако тоа не се направи што претходно сето тоа што го предложив, тогаш локалната самоуправа со предложените изменувања и дополнувања ќе добие само права во оваа област а не многу обврски и затоа ќе се однесува многу комотно со постојано нови барања за проширување на мрежата на училиштата и нерационално трошење на средствата од републичкиот буџет. Ако сакаме вистинска локална самоуправа и внесување на елементи на квалитетни промени и конкуренција во сите области на образованието, тоа треба да се развива според можностите и потребите на граѓаните во општината, значи, нормално да биде на товар посебно на тие што се заинтересирани за тоа, а не како што се предлага сега и како што беше досега. Голем број наши граѓани кои што работат во странство, а нивните деца се школуваат во Републиката да бидат на товар на граѓани што работат и живеат тука и кои што одделуваат средства од сопствената заработувачка и за образованието. Неможат да се бараат ингеренции во одделна област, а обврските да се оставаат на товар на другите. Тоа беше моја генерална оценка за Законот.

Сега поконкретно ќе се задржам и ќе го кажам своето мислење за некои решенија дадени во Законот. Најпрво ќе започнам со членот 2 во Предлогот за донесување на законот за измени и дополнувања на Законот за основно образование во кој што се прават одредени измени во членот 5 од постојниот Закон

кој што се однесува за учениците кои што имаат пречки во физичкиот и психичкиот развој, како што беше досега во членот 5 кажано. И сега се прави одредено усогласување, терминолошко усогласување. И со измените на новиот член 2 кој што ни се нуди се кажува дека во него се менува само тоа дека овие ученици, се кажува дека оваа терминологија ќе се употребува, дека се ученици со посебни потреби.

Би сакала овде да напомнам дека во функција на заживување на декларацијата која што ја донесовме пред еден ден, за заштита и унапредување на правата на лицата со посебни потреби, мислам дека токму овде во овој член 5 на постојниот Закон, или во член 2 може да се додаде дека во наставата во редовниот образовен систем можат да бидат вклучени и ученици со посебни потреби кои што можат да следат настава по претходно утврден степен на нивната попреченост од страна на компетентни институции. И понатаму, или да се организираат посебни основни училишта и паралелки. Тоа го кажувам од аспект на социјализација на овие деца. Сметам дека ќе биде многу и за семејството и за самите деца тие да живеат во една здрава средина, да се образуваат во една здрава средина и тоа би бил еден огромен прилог. Ако не би го ставиле во законот, ако не би ја ставиле оваа можност, веќе имаме такви ученици кои што следат и во редовното образование, меѓутоа, верувајте дека и наставниците и службите во училиштата не сакаат многу да се вклучуваат овие деца со посебни потреби во образовниот систем и велат дека тие треба да се школуваат во посебни училишта. А пак од друга страна имаме сега пример, како што е на пример специјалното училиште “Илинден”, во кое што деца од ромска националност само заради тоа што се социјално запоставени од нивните родители, учат во овие училипшта. Значи, мораме да ставиме на знаење дека мора претходно да се изврши проверка од страна на компетентна инвистуција на степенот на попреченоста на децата и ако тие немаат никаква пречка, мислам никаква пречка во однос на тоа да можат нормално да следат настава, можат да се вклучуваат во редовниот образовен систем.

Тоа би било мојата забелешка на членот 2 односно еве една сугестија и можност за дополнување. Понатаму ќе се задржам повеќе на членот 20 од Законот што сега се предлага а се однесува на тоа, мислам дека произлегува од Конвенцијата за правата на децата чиј потписник е Република Македонија. Заради тоа сметам дека тука треба повеќе да се задржиме и покомплексно да се дефинира тој член.

Понуденото решение во овој предлог закон гласи “забрането е телесно и психичко малтретирање на ученикот”. Јас сметам дека покрај тоа што е наведено дека е забрането и телесоно и психичко малтретирање на ученикот, треба да се додаде и социјално малтретирање и повредување, односно дискриминација.

Во образложението на овој предлог зошто да стои и социјално малтретирање повредување односно дискриминација, ќе тргнам од дефиницијата на Светската здравствена организација за здравјето на луѓето вклучително за здравјето и на младите поколенија, бидејќи нашата основна цел треба да биде да имаме здраво поколение. Токму заради тоа и се става тој член во предлогот за донесување на закон за основното образование впрочем. Оваа дефиниција гласи дека здравјето е состојба на телесна, психичка и социјална благосостојба. Бидејќи значи суштината да овозможиме да имаме здраво поколение, треба да водиме сметка и посебно да се води борба за тоа на овие три посочени фронта. Значи, борба против телесното, психичкото и социјалното малтретирање на учениците.

Од наставникот и вработените во основното образование се очекува да не го загрозуваат телесното и психичкото здравје на ученикот но во исто време и да не ја дискриминираат, малтретираат и на било кој друг начин да ја повредуваат личноста на ученикот врз основа на неговата социјална припадност или социјален статус. Во контекст на тоа да бидам појасна ќе се задржам на тоа што под разбирам под социјално малтретирање и повредување односно дискриминација. Тоа е повредување на ученикот кој што е резултат на пример на неговиот економски статус, односно статусот на неговото семејство. Понатаму, на припадноста на некоја социјална заедница дали припадност по раѓање или пак по слободен избор на него или на неговите родители со различни атрибути, верски, политички наиционални и други припадности на пример ако некој родител е припадник на некоја верска заедница или пак секта или пак политичка партија, детето не треба за тоа да трпи последици. Односно треба да има еднаков третман со другите деца без оглед на неговата припадност или на припадноста на неговото семејство или неговитеј родители. Кон било која социјална заедница.

Со ваквото дефинирање сметам дека се опфаќаат различни ситуации на малтретирање, на повредување односно дискриминација на учениците на кои што сме сведоци денес. Суштината на правилното дефинирање на овој член би била барем во прв момент во тоа наставникот да не е тој кој што ги потхранува тие социјални дискриминации или психичко и телесоно повредување и малтретирање на ученикот бидејќи основна негова задача треба да биде да ги усмерува младите

против телесоното, психичкото и социјалното малтретирање а не да го подхранува тоа.

Понатаму, ќе се задржам на нарендиот член 21, во кој што во ставот 1, зборува за тоа кој се остварува воспитно-образовната дејност во основното образование и тука се дадени и стручните работници (дека тоа е педагог, психолог, дефектолог, библиотекар), муѓутоа сметма дека треба да се додаде и логопет и социјален работник.

Сметам дека логопет е неминовно потребно во училиштата заради работење на корекција на говорот кај учениците особено на возраст од прво до четврто па и до 6-7 одделение, бидејќи има населени места во кои што ден денес нема логопет ниту во здравствените домови, ниту на друго место, значи тоа ќе биде навистина вистинското место каде што може да се работи со учениците и навремено да се откријат деформитети на говорот и да се помогне нормално да се надмине тоа. Понатаму, социјалниот работник сметам дека може да воспостави една соработка на училиштето со општинските центри за социјална работа но во исто време и да работи со семејствата и учениците кои што произлегуваат од истите. Понатаму во с тавот 4, од членот 21 кој што се однесува, зборува најпрвин ќе ви кажам што е тоа што е дефинирано тука, дека наставници за предметите за кои наставата се изведува на странски јазик, може да бидат и лица странски државјани кои имаат соодветен вид на образование, за што согласност дава Министерството. Однапред ќе кажам дека навистина сум против овој член вака како што е дефиниран најпрво заради тоа што имаме Армија на навработен млад стручен кадар во државата којшто немајќи можност да се вработува во нашето образование заминуваат надвор од државата, а овде се дава можност и странски државјани нели да може да изведуваат настава меѓутоа без конкретизирање во кои тоа случаи тоа може да се направи. Понатаму, сметам дека многу битно за тоа е тоа што се коси и со члено 67 од овој закон бидејќи кажува дека наставниците и луѓето кои што го обавуваат воспитно образовниот процес треба да бидат државјани на Република Македонија.

Понатаму, ќе се задржам на члено 25 од Предлогот кој што се нуди, кој што зборува за тоа дека припадниците на заедниците кои што наставата ја следат нели на јазик различен од македонскиот јазик, употртебуваат учебници на јазикот на соодветната заедница, меѓутоа, за употребата овде се зборува на учебникот дека решава наставничкиот совет. Мислам дека овде треба да се додаде по претходно одобрение од страна на Министерството.

Сметам дека мора тоа да биде по претходно одобрение од страна на Министерството, бидејќи наставничкиот совет може да одобри учебници само од оние што биле предмет на конкурс и кои што веќе се прифатени од страна на Министерството за образование. Значи наставничкиот совет може да бира од овие учебници кои што се одобрени од Министерството.

Понатаму во членот 98  ставот 7 гласи дека училишниот одбор, може да побара дополнителни документи, овој став се однесува на изборот на директор и се кажува на кој начин се бира директорот  во основното образование и кажано е дека училишниот одбор покрај основните услови кои што се дадени во законот може да побара дополнителни документи од кандидатите кои што ги исполнуваат условите согласно одредбите во Статусот на училиштето. Што значи се дава право во Статусот на училиштето да се дефинираат некои поссебни барања и сметам дека ова не е во ред бидејќи пред истекот на мандатот на било кој директор може да се промени статутот на училиштето, онака како што тие сметаат дека, понатаму или истиот директор или некој друг би требало да продолжи значи, може да се оневозможат другите кандидати да бидат рамноправни во конкурирањето. Понатаму, сакам да се осврнам и на членот 37, во кој што се кажува дека средства за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедува од Буџетот на РМ, на начин и постапка утврдени со Законот за финансирање на општините.

Сметам дека треба да се корегира овој член бидејќи од една страна нели кажавме дека сакаме да спроведеме децентрализација од друга страна пак повторно се враќаме во најголем дел, значи трошоците да ги сноси Буџететот на државата ова го зборувам во контекст на сето  мое претходно излагање по предлогот на законот и сметам дека за да се доведат во иста позиција пред Уставот и Законот сите граѓани на РМ, и единиците на локалната самоуправа, одговорно и принципиелно треба да се однесуваат кога станува збор за школувањето и опфатот на децата со основно образование. Некој ќе каже дека основното образование ни е нели со Устав загарантирано, и затоа треба државата тоа да го финансира, според тоа родителот нема обврска да се грижи нели за образување на своите деца, кај нас досега и преовладуваше мислење дека кај некои луѓе кај некои родители дека за школувањето грижата можат да ја препуштат на другите граѓани на РМ, работа што е во спротивно со конвенцијата на организацијата на Обединетите нации за правата на детето, каде децидно е кажано цитирам: “семејството се грижи за воспитанието и образованието на децата, дека семејството го планира бројот на децата според своите економски можности, и социјалната положба”. За целосно остварување на

финансирањето на основното образование од страна на единиците на локалната самоуправа, потребно е да се направат овде и темелни анализи и не треба тука да се манипулира со социјалниот фактор. За што треба конечно да се сфати дека децентрализацијата значи и тоа дека граѓаните од локалната самоуправа треба да се грижат и за тоа нивните деца да се образуваат во пристојни услови и современ воспитно образовен процес.

Ви благодарам на вниманието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-ѓа Бонева,

Г-дин Тасев. Сакате збор. Да.

Повелете г-дин Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Благодарам, јас би замолил, мислам при вакви сугестии, од пратениците по одредени членови за поефикансо, мислам изменување на текстот во однос на оние работи кои што навистина придонесуваат за дополнување на текстот да ми дадете дозвола за одреден коментар.

Јас благодрам на пратеничката што се потрудила, значи, и се обидува да направи некои корисни сугестии кои што ќе го подобрат тектот, но за да нема некои дилеми дозволете, значи да дадам соодветен коментар.

Значи, членот 2, односно измена на членот 5, во кој што се сугерира за посебни паралелки, со посебни потреби, во постојниот закон за основно образование во членот 5, веќе е регулирана таа материја, во кој што стои: "за учениците со пречки во физички и психичкиот развој зависно од видот си степенот на попреченоста, се организира посебни основни училишта и паралелки и при основните училишта. Така да, сугестијата мислам дека е во ред, но таа е веќе вградена во постојниот закон.

Во членот 20 во кој што се сугерира забрането е телесно и психичко малтретирање да се додаде и социјално, тоа е уставна обврска и е регулира во Уставот на РМ, бидејќи основното образование во Законот за средно образование е посебно потенцирано, и социјално и значи социјална заштита на учениците, но во Законот за основно образование не е тоа потенцирано бидејќи основното образование е уставна обврска а во Уставот е регулирано дека имаат право значи и за социјална з аштита.

Во члено 21, во однос на наставата за предметите кое се изведува на странски јазик, може да бидаст и лица странски државјани, реалната состојба е

таква што ние кубуриме со кадар особено со странските јазици, така да сметавме дека е добро како решение за решавање на овој проблем, да стои ваква законска одредба која што ќе дозволува, значи ангажирање на лица, кои што ќе бидат вклучени во постојниот воспитно образовен процес.

Сосема кратко уште и за членот 25 измената во член 80-д, за употреба на ученик во Основното училиште решава наставничкиот совет само да појаснам.

Во случај кога министерот дал одобрение за два учебници, значи од тие два учебници наставничкиот совет да одлучи кој учебник ќе биде во употреба во училиштето. Досегашната пракса, досегашните законски основи, налагаа директорот да го врши изборот, мислиме дека на овој начин, ќе се намали можноста за соодветни манипулации, и поквалитативен избор од страна на наставничкиот совет во кој што членуваат сите наставници и имаат подобар увид во потребите на децата во делот на наставата.

Во член 98-а, во кој што значи почитуваната пратеничка, изрази одредена дилема во однос на потребата училишниот одбор да побара дополнително документи и сметавме дека тоа се однесува значи на утвредување на потребата, доколку е потребно кандидатот директор да достави содветна програма за развој на училиштето, и тоа би придонесло во поквалитативен избор од страна на училишниот одбор на повеќе кандидати кои што имаат соодветни квалитети изедначени квалитети, значи полесно, по лесен избор во самата постапка.

Членот 37 во кој што се регулира материјата за финансирање на училиштата, јас кажав дека се повикуваме на Законот за финансирање на општините, ние понудивме значи можеби и кај другите пратеници ќе се јави оваа дилема, ние понудивме алтернативи на наши решенија на кој начин, мислиме како министерство да се изврши дистрибуцијата на материјалните средства, но, во услови реални услови во РМ, во кој што дискутабилен е начинот на прибирање на средствата, од страна на општините, значи, мораше во оваа фаза да предложиме да се повикуваме на Законот за финансирање на општините во кој што добивме уверување од страна на Министерството за финансии кои што ќе биде предлагач на овој закон, мислам во Владата на РМ, дека оваа материја ќе биде регулиранана во тој закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, господине Герамитчиоски,

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика имате.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Да накратко, да се дообјасниме за некои работи.

За членот 2 најпрвин би кажала дека го прочитав добро членот 5, и знам дека тоа што го кажавте дека може во рамките на училиштето да се основаат посебни паралелки, меѓутоа јас не зборував за посебни паралелки. Реков во редовниот систем на образование. Во паралелките каде што се сите деца таму да бидат вклучени и овие деца со посебни потреби, не да бидат повторно изулирани, во посебни паралелки. Зборував за нивно вклучување во редовниот воспитно образовен процес, значи, заедно со здравите здравите така да речам условно здравите деца. Значи тоа е сосема друго од посебни паралелки. Знам тоа дека може во училиштето и надвор нели во специјализирани установи.

Понатаму, во однос на социјалното малтретирање, вие рековте дека социјалната заштита е и во Уставот ставен на децата тоа е јасно, меѓутоа, јас зборував за социјалното малтретирање дискриминација на учениците да биде јасно дефинирана во законот, бидејќи имаме вакви случаи.

Бидејки е веќе јансо кажано, малку подруга ќе биде одговорноста и ќе може навистина,  да има и санкции врз основа на ваквото однесување на наставниците или другите вработени во училиштата.

Сметам дека воопшто нема да ни пречи покрај психичкото , физичкото односно телесното малтретирање да биде нагласено и социјалното малтретирање. Не заштита. Заштитата е сосема друго, меѓутоа, малтретирање, затоа и го обајснив што подразбир апод социјално малтретирање.

Понатаму рековте дека го знам пробемот со професори, дека немаме доволно, посебно за англиски јазик, еве и јас од кај што доаѓам од Струмичкиот регион, токму и тоа напомнав да се прецизира, ако нема во државата ваков кадар на располагање, ако немаме невработени, дури тогаш можеме ние да ангажираме. А вака како што е дадено може секој директор да си земе за право некој странски државјанин да го ангажира во редовниот воспитно-образовен процес, ако нема критериуми.

Мислам дека треба да се каже доколку немаме ние ваков кадар македонски државјанин. Тоа што рековте за наставничкиот совет, во случајот е даден членот, а кој има два учебника треба да бира кој наставничкиот Совет, а не директорот. Тоа е во ред, меѓутоа не тежи да стои по претходно одобрение на Министерството за

образование и наука, бидејки вака создава забуна. Значи се мисли дека наставничкиот Совет може да одлучува по кои учебници, а не по претходноутврдено што е тоа што , која е границата, кои учебници може да ги користи.

Понатаму, за посебните услови за директор, исто така ќе кажам дека треба секој директор да даде програма , нека биде услов за сите, а не да го цени тоа училиштето. Мислам дек атоа не тежи да биде ставено во законот, да се знае што е тој посебн услов.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе продолжиме со расправа, сугерирам на претставникот на Владата. Имаме десетина пријавено дискутанти, по сите членови, сите ќе кажат свое мислење. Не мора осврт на сите да давате, може на крајот. Иако е ова опш претрес, нема денес да го усвојуваме законот, стенограмите ќе ви бидат доставени со сите сугестии. Министерството за образование и наука ќе оцени што е прифатливо, а поединечно по членовите ќе водиме расправа, кога ќе дојде за усвојување на законот во втората фаза.

Има збор г-динот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Бидејки денеска на денешната седница имаме точка на дневен ред врзана за образованието и образованиот систем во Република Македонија и по истите нормално денеска ќе расправаме, сметам дека сепак основното образование, т.е. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование е естенцијално значење, посебно со решението и решенијата кои се вградени во самиот закон за основно образование.

Имено, основното образование е еден од основнит еи најзначајните сегменти кои се од посебен интерес за државата, т.е. за Република Македонија , поради што и сметам дека истото треба да биде и од доменот на нејзиниот посебен интерес, посебениот интерес на државата и истовремено тоа претставува и елементарен фактор на крајот на краиштата во борбата против сиромаштијата, так аи во борбата против неписменоста во светот.

Во образложението на причините поради кои се предлага изменувањето и дополнувањето на Законот за основно образование, се наведени повеќе причини,

меѓу кои се наведуваат причини кои произлегуваат од потребите настанати и предизвикани со потпишувањето на Охридскиот Рамковен договор и донесувањето на амандманите на Уставот на Република Македонија во 2001 година,односно имплементацијата и усогласувањето на соодветните термини во одредбите од Законот за основно образование, а кои по својата суштина го уредуваат начинот на реализирањето на воспитоно образовниот систем и дејност како и тоа во паралелки во кои наставата се остварува на јазикот различен од македонскиот јазик . Исто така потребата од измени и дополнувања на Законот за основно образование е предизвикана и од идното донесување на законот за локална самоуправа, во делот на она што значи пренесена надлежност или децентрализација на од централната на локалната власт во делот на основањето, околу управувањето и раководењето со основните училишта.

Дел од измените и дополнувањата на Законот за основно образование се предизвикани и со согледанит енедостатоци од претходно практицирање на овој закон и конечно измени и дополнувања во Законот за основно образование, треба да бидат во функција на она што значи конзистентен правен систем, усогласвување на цитираниот закон со Уставот на Република Македонија .

Анализирајки го образложението на Предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за оснвоно образование, неговито законски текст, како и вградениот концепт во самиот закон, би сакал да укажам на неколку работи.

Прво, сметам дек азаконот за оснвоно образование треба да се донесе во две фази. Така веќе е и предложено, при што , треба да почекаме прво да се донесат законот за локална самоуправа и законите поврзани со него, а тоа е законот за територијална распределба и законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, па потоа да пристапиме кон втората фаза од донесувањето на Законот за основно образование, затоа што со донесувањето на овие закони, ќе бидат разрешени многу дилеми кои сега се јавуваат во предметниот закон, а особено околу надлежноста на локалната самоуправа, која ќе ги има со децентрализацијата од повисоката власт, ако врзани со основањето, управувањето и со раководењето со основните училишта. Сето тоа, додека не се донесат овие закони, во доментот на тоа што значи хипотетичка или претпоставена надлежност и компетенции на локалната самоуправа, бидејки така стојат работите, прво ги определуваме надлежностите на локалната самоуправа па отпосле го донесуваме законот за основно образование, па потоа да донесуваме закони за локална самоуправа.

Во текстуалниот дел на законот ги имам следните забелешки и тоа на членовите 21, 23, 24 и 25.

Имено на предложеното решение на членот 21 став 6, каде се кажува дека наставата по предметна настава за ученици со пречки фо физичкиот развој, може да биде лице кое ги исполнува условите од ставот 3 на овој член, а тоа значи лице кое завршило со соодветно еднопредметна или двопредметна група на образование на наставници на факултет на висока школа, на виша школа, на ликовна академија или музичка академија.

Предлагам овие наставници кои предаваат на учениците со пречки во физичкиот развој уште да имаат и соодветна дефектолошка доквалификација. На пример, наставник по предметна настава во училиште за глуви, да го познава јазикот на глувите, или гестикулација со раце. Или во училиштето за слепи, да ја познаваат Брајовата азбука и така натаму.

Понатаму во предлогот решението во членот 23 и понуденото решение во него, сметам дека воопшо не треба да се прифати, т.е. да не се подржи од причини што претходното решение е поцелисходно и предвидува контрола на состојбата на здравјето на наставниците и на наставниот кадар секоја година , т.е. во почетокто на школската година, а не како што е предвидено сега на секој три години со новото решение од причини што на  Република Македонија  и е потребен здрав наставен кадар, поради што е потребно почеста контрола на здравствената состојба, како на наставниот кадар  така и на целокупниот помошен персонал во основните училишта.

Членот 24 од Предлог законот за оснвоно образование така како што е формулиран, сметам дека е нејасен и едноставно нема потреба од него. Имено, во него се вели дека припадниците на заедниците кои наставата ја следат на јазик различен од македонскиот , употребуваат учебници на јазикот на соодветната заедница. Ова е прилично нејасна формуалција и затоа цитираниот член сметам дека е нпотребен. Имено, дали според овој член на пример ученик од турска националност кој учи во училиште дакде што наставата се изведува на албански јазик, мора да употребува учебник на турски јазик. За мене една формулација која е во магловита форма, која може да се толкува вака или онака.

Конечно забелешки имам на одредбата од членот 25 со кој се уредува дека за употребата на учебниците во основнит еучилишта решава наставничкиот Совет. Предлагам во членот 25 по зборовите “наставнички Совет” , да се додадат и зборовите “по предлог на Активот на наставниците од соодветниот предмет”. Имено, постојат ситуации кога Министерството за образование и наука  одобрува за

определени предмети два или повеќе учебника од различни автори. Затоа сметам дали и кој учебник ќе биде применуван треба да одлучи наставничкиот совет, но на предлог на наставниците од соодветниот предмет, односно наставниот актив треба да ги разгледа учебниците и да даде свое мислење кои од тие учебници ќе бидат применувани. Со тоа едноставно сенамалува можноста за евентуално влијане на директорот, а се намалува и можноста за давањето приоритети на одделни автори, па дури и за нивно евентуално комерцијално поврзување.

Тоа с евоглавно моите забелешки на овој Предлго на закон кои сметам дека предлагачот ќе ги има предвид при изготвувањето на предложениот закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-динот Тасев.

Има збор г-динот Коста Прешовски.

КОСТА ПРЕШОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, колеги пратеници,

Со внимание го разгледав Предлогот за донесување закон, за изменување и дополнување на Законот за основно образование, од гледна точка на потребата за донесување, начелата, основните односи што се уредуваат и начинот на кој се предлага нивното уредување.

Моето искуство како професор, ми дава за право да дадам аналитичко видување на решенијата што се нудат со измените и дополнувањата на Законот и притоа да дадам и некои свои сугестии и предлози. Воглавном ќе се задржам за причините за донесување на законот. Една од причините произлегува од потребата настаната со потпишување на Рамковниот договор, т.е. имплементирање на соодветни термини на Законот за основно образование. Овие терминолошки измени се именуваат и при употребата на учебниците на јазикот на соодветните заедници, како и при водењето и издавањето на педагошката евиденција.

Прифатливо е тоа што во паралелките во кои настават се изведува на јазикот различен од макеоднскиот, се исклучува можностанаставата да се изведува од анставник кој не го познава јазикот, писмото на кој се изведува наставата. Досега во практиакта имавме вакви случаи. Затоа Министерството за образование и наука треба да обрне внимание на оваа измена, која може да биде и проблем со која по

мое мислење во наредниот период можат да се судрат образовнит еинституции, односно училиштата, поради недостик на наставници за изведување на настава на јазик различен од макеоднскиот. На пример, влашкиот, ромскиот и т.н.

Друга причина е поради соодветното усогласвување на законот за основно образование, со Законот за локална самоуправа. Надлежностите при оснвоањето , управувањето и раководењето на основните училишта се поднесуваат од органите на локалната власт на општините. Локалната власт во иднина треба да има фундаментална одговорност во следењето на работата на училиштето. Така со измените и дополнувањата на Законот , ингеренциите што се сега во надлежност на Министерството за образование и наука се префрлаат на општините. На пример општина основа основно училиште, го утврдува реонот на оснвоното училиште и т.н.

Со измените се врши деполитизација , што не е лесно да се направи и децентрализација во управувањето во оснвонит еучилишта и преку предложениот состав на членовите на училишниот одбор, неговите надлежности и бројот. Бројто на членовите на училишниот одбор се одредува према големината на училиштето. И тоа, ако е мало тоа ќе брои 7 члена, ако е големо оснвоно училиште, тогаш 9 члена.

Предвидено е покрај другите и еден претставник од Министерството за образование и наука за член на ужилишниот одбор. Во сегашната состојба во помалите подрачни единици на Министерството за образование и наука има по еден вработен. Замислете, тој ќе бид еи член на училишните одбори во сит еосновни училишта во општината.

Истот ака, треба да се прецизира појасно , кој ќе го именвува и разрешува тој претставник. Со Предлгот на законот , дел од надлежностите од училишниот одбор се префрлаат на Советот на општината. На пример, на предлог на училишниот одбор Советот на општината донесува годишна програма, донесува извештај за работа на училиштето, донесува финансиски план и т.н.

Исто така, разработена е постапка за именвуање и разрешување на директор и предвидени се надлежностите на директорот, а со цел да се избегне присутната политизација во образованието. Ова е направено по мое мислење на погоден начин преку овој предлог со тоа што би се минимизирале изгледите за загрозување на квалитетот на образованието. Значи се нуди нова регулатива за назначување и разрешување на директорит ена училиштата и вклучување на општините во училиштата, да бидат избрани директори врз основа на стручни и раководни квалитети. Дипломи или сертификати од учество на семинари за стручно

усовршување, преку следење во службата, разговори интервију, тестирање и слично, а не со политички квалитети.

Досегашниот Закон за основно образование дава еднакви можности, да бидат именувани за директор како кандидати со вишо образование така и оние со високо образование, што не кореспондира со Законот за високото образование и со законските рокови за дооформување наобразованието накадрите во воспитно образовната дејност. Затоа предлагам две варијанти.

Прво, законска предност при изборот на директор да има лице со завршен повисок степен на образование и втора варијанта, за директор да биде именувано лице со високо образование.

Во измените стои дека со кандидатите кои ги исполнуваат условите за директор се врши разговор со членовите на училишниот одбор и претставник од Бирото за развој на образованието.

Доколку претставникот од Бирото е спречен да присутвува, разговорт го врши училишниот одбор. Оваа одредба предлагам да отпанде т.е. да се брише. Поради поголема флексибилност при реализацијата на разговорот на кандидатите, односно од потребата од присуство на државата при изборот на директор. Прифатливо е кандидатите што не се избрани за директор, или се разрешени од функцијата директор , да имаат право да поднесат жалба до соодветната комисија. Алтернативата со министерот да отпадне. Трета причина за измена на законот произлегува од дополнителни согледувања како резултат на неговата досегашна примена. И тоа се предлага. Намалување на траењето на наставниот час од 45 на 40 минути , за поголем одмор на учениците. Што е прифатливо решение, водејки сметка на нивната возраст. Добро е што се предлага за пореално оценување на учениците, член на Комисиајта што врши проверка на знаењето на ученикот , формирана од наставничкиот совет, врз основа на оправдан приговор да не може да биде наставникот кој ја предложил оценката. Ваква пракса имаме и успешно се реализира во средното образование.

Исто така , со измените по прецизно се утврдени условите кои треба да ги исполнат лицата за вршење на воспитно-образовната дејност во основното училиште. Посебно треба да се истакне, дека предност при изборот на учители и наставници во предмаетната настава да има лице со завршен повисок степен на образование. Ново е тоа што за употеба на учебник решава наставничкиот совет. Предлагам, наставничкиот совет да носи одлука за примена научебникот, но по предлог на активите по предмети , или сродни предмети или некое друго

компетентно тело со нивно јавно образложение за предложениот учебник пред наставничкиот совет.

Ново , позитивно и хумано е тоа што директорот кој не е повторно избран или разрешен, го задржува работниот однос во училиштето соодветно на неговата стручна спрема за што има обврска основачот. Бидејки во моментот социјалозите се неопходен стручен кадар, предлагам категоријата стручен роаботник во основните училишта да се надополни покрај другите и со социјолог. Исто така добро е ако се успее да се воведе уште од оваа учебна година , мулта година во функција сите ученици да добијат ист пристап во прво одделение како предуслов за поквалитетно оснвоно образование.

Би се задржал сега на некои членови кои по мое мислење воопшто не профункционираа или кои се само формулазирани во пракса. Добро е што се предлага задолжителен здравствен преглед на вработените да биде на секои три години, али на да биде тоа изведено на формален начин.

Предлагам оценвуањето на наставниците и стручните соработници да се врши на временски период поголем од две години, од причини што овој член на законот воопшто не профункционира. Тоа е можеби преголемито број на наставници. Согласно постојниот Закон оценвуањето го врши комисија во чиј состав е и еден претставник на Бирото за образование. Можеби една од причините е и малиот број на ангажирани лица во Бирото и недостигот на средства за таа намена. Затоа предлагам зголемвуање на бројот на советници во Бирото за образование. Со воведување на иснтитуцијата надворешен соработник, советник, кој би бил истакнат практичар по соодветен предмет, кој ќе се ангажира во ефикасно реализирање на проектот оценување на наставниот и стручниот кадар.

На крајот, бидејки законот ќе се носи во повеќе фази , а да се елиминираат било какви дилеми , Министерството за образование и наука да организира едукативни работилници со соодветни претставници на училиштата и општините, каде што преку соодветни стимулации ќе се разрешат сите недоречености, нејаснотии, непрецизности и слично, а во функција на донесување на подобрар и поквалитетен закон за оснвоното образование, применлив и во практиката.

Поради сето тоа можам да констатирам дека има потреба од донесвуање на предложениот закон за изменвуање и дополнување на законот за основно образование.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Законот е предвиден во две фази да го донесеме.

Има збор господин Ќенан Хасипи.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Почитуван господин претседател, дами и господа пратеници, ценети претставници на Министерството за образование,

Несомнено е дека Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование произлегува од потребата текстот на Законот да се усогласи со одредбите на Рамковниот договор од Охрид и уставните амандмани произлезени од него, но уште повеќе и потребата дел од надлежностите од оваа сфера да се пренесат од централна на локално ниво, особено во сферата на основањето, управувањето и раководењето со основните училишта во согласност со општоприфатената стратегија за децентрализација на власта.

Иако проблемите на образовната сфера се многубројни и лично сметам дека не можат да се надминат само со одредени измени и дополнувања на Законот за основното и средното образование, сепак ќе си земам за право да го изнесам моето мислење во врска со понудените измени и дополнувања на Законот за основното образование.

Следи донесувањето на Законот за нова територијална реорганизација на Република Македонија и Законот за финансирање на новоформираните единици на локална самоуправа, тоа неминовно ќе ја наметне потребата во Законот да се вметнат ефективни, заштитни механизми за спречување на мајоризацијата кон етничките заедници кои во дотичната единица на локална самоуправа ќе бидат во малцинство, буквално секоја заедница во поедини единици на локална самоуправа ќе имаат статус на малцинска заедница. Или механизми за спречување на волунтаристички одлуки кои би оделе на штета на оваа или онаа малцинска заедница. И додека некои одредби од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование имаат само карактер на терминолошко усогласување, со уставните амандмани од 2001 година, и не задираат битно во структурата на законот, одредени одредби, кои пред се се однесуваат на управувањето и раководењето со основните училишта долгорочно може да имаат сериозни импликации врз односите на меѓуетничките заедници и да претставуваат потенцијален извор за недоразбирање и тензии.

Поаѓајќи од девизата колку вложуваш толку ти се враќа, Законот за финансирање на новоформираните единици на локална самоуправа мора прецисно да ги дефинира, не само изворите на финансирање на образовната сфера, туку

јасно да ги дефинира односите во образовната сфера и прецизно да ги дефинира надлежностите на локалната и централната власт. Во спротивно секое мешање на надлежностите и непрцизно дефинирање на изворите на финансирање може да има далекусежни последици врз образованието како сфера од посебен општествен интерес.

Лично сум длабоко уверен дека решенијата не можат да одат во правец на проста трансмисија, на надлежностите на министерот врз градоначалникот за што на тој начин имаме едноставен трансфер на моќтта, од рацете на министерот во рацете на градоначалникот и ништо повеќе.

Последиците можат да бидат посериозни и тешко да ја трауматизираат образовната сфера. Со други зборови, трансмисијата на надлежностите врз градоначалникот може практично да отвори простор за наметнати решенија кои не само што не соодвествуваат со потребите на поедини единици на локална самоуправа, туку преку политички механизми може да одат на штета на општинските заедници на таа единица на локална самоуправа.

Освен тоа во Предлогот на законот се утврдуваат строги критериуми за основање на основни училишта кои даваат ексклузивитет на нивното користење само на побројните заедници кои располагаат со соодветен наставен кадар, просторни и технички можности во согласност со пропишаните педагошки стандарди, па ако сакате и со позамашни финансиски средства.

Тоа наметнува потреба од флексибилен пристап од едноставна причина што во многу средини не може да се оствари со Устав загарантираното право на основно образование на мајчин јазик од причини што некогаш нема доволен број ученици, некогаш нема доволно наставен кадар и обратно, или поради оддалеченоста на централното основно училиште и катастрофалната инфраструктура учениците не се во состојба да посетуваат настава. Впрочем, кој од вас почитувани пратеници би дозволил детето да му пешачи со десетици километри по козји патишта само да посетува настава во основното образование на мајчин јазик. Таков е примерот со наставата на турците во некои делови од Источна Македонија.

Оттука, наместо државата да вложи напори да обезбеди минимум технички и просторни можности, како и минимум инфраструктура да се овозможи и практично остварување на ова со Устав загарантирано право сосема безпредмети се објаснувањата од типот нема доволно наставен кадар, нема интерес од страна на учениците и слично.

Длабоко сум уверен дека решението не е во исполнувањето на строго утврдените критериуми, туку на постоење на политичка волја да се започне со настава и по цена дел од предметите да се предаваат и на македонски јазик. Во тој контекс го подджувам Коста Прешоски, во врска со измена на формулацијата која овозможува само оној наставник кој го познава јазикот на кој се држи наставата, само тој да може да предава, дотолку повеќе што некои малцински заедници имаат потреба и од наставен кадар од друго јазично подрачје.

Од друга страна користам прилика да апелирам до Фондот за неразвиени, до раководителите на економските и финансиските ресори на Владата и до донаторите на меѓународната заедница поактивно да се вклучат во финансирање на инфаструктурни проекти на овие населени места во Источна Македонија за да ги оттргнеме, можам слободно да речам од феудална заостанатост. Крајно време е да проработи совеста на политичките елити. Впрочем и ова условно земено слепо црево на Република Македонија е во Македонија и дел од сликата на Република Македонија. Бидејќи елементарен услов за долгорочен напредок на овие региони е образованието предлагам во критериумите за основање на основни училишта да се воведат термините “минимум наставен кадар”, во став 2 член 16 и “училишен простор, опрема и наставни средства кои ќе обезбедат минимум педагошки стандарди”, во став 3 од член 16.

Впрочем во денешни услови во многу основни училишта во Република Македонија нема ни минимум педагошки стандарди за одвивање на наставата но тие сепак функционираат. Оттука и потекнува потребата од редефинирање на член 16 и флексибилен пристап кој ќе одговара на условите и потребите на соодветната единица на локална самоуправа.

Од друга страна доколку оснивачот донесе акт за престанок на работа на оснвоното училиште истиот е должен да обезбеди продолжување на образованието, при што треба да се допрецизира на јазикот на кој ученикот претходно ја посетувал наставата. Сметаме дека преку ваквото допрецизирање на текстот на членот 22 од Предлогот на законот ќе се обезбеди ефективна заштита на образование на мајчин јазик на помалите етнички заедници. Иако лично сметам дека во член 21 став 9 случајно е испуштен социолог, сепак користам прилика да истакнам дека денес во услови на транзиција, младиот човек е силно експониран на девијантни појави и дека како никогаш досега има потенцијална опасност од асоцијално однесување што ја прави уште поголема потребата од активно учество на социолозите во процесот на социјализацијата на младите луѓе. Впрочем и во комисиските расправи преовладува

ставот од потребата за натамошно продолжување на активната улога на социолозите во воспитно-образовната дејност, т.е. во основното образование.

Се надевам дека предлагачот ќе ги прифати овие сугестии и истите ќе бидат инкорпорирани во наредната фаза од подготовката на законот.

Во Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование, се нуди можност за комбинирани паралелки не само од прво до четврто одделение, туку и од петто до осмо одделение што лично сметам дека со оглед на поголемиот број предмети ваквото решение би било на штета на квалитетна настава.

Член 24 кој врши измена на став 2 од членот 80 овозможува припадниците кои наставата ја следат на јазикот различен од македонскиот јазик да употребуваат учебници на јазикот на соодветната заедница. За разлика од колегата Орданчо Тасев сметам дека иако овој став е коректно формулиран не е доволен да обезбеди практично имплементирање на оваа одредба од едноставна причина што и денес дел од заедниците не се во состојба да обезбедат доволен број учебници на мајчин јазик заради превисоките цени кои ги бараат издавачките куќи поради нискиот тираж на истите. Користам прилика да го охрабрам Министерството за образование кое има обврска да издаде учебницид на јазик на кој се изведува наставата сериозно да се нафати во решавањето на овој проблем дотолку повеќе што основното образование е задолжително и со Устав загарантирано право. Оттука дополнителните трошкови за печатењето на истите мора да ги подмири државата.

Токму поради тоа предлагам во член 24 да се додаде нов став 3 со кој би се задолжило Министерството за образование и наука да обезбеди доволен број учебници за припадниците на зедниците кои наставата ја следат на јазик различен од македонскиот јазик. Освен тоа мислам дека е неопходно во некои учебници да се преиспитаат содржините кои можат да предизвикаат меѓуетничка омраза и да се воведат содржини кои ќе ги потенцираат елементите на заедништвото и меѓуетничката толеранција.

И додека сум тука, би сакал да истакнам дека со оглед на големата улога која во оваа сфера ја има Бирото за унапредување на образованието, истото по својот персонален состав треба да го одреазува мултиетничкиот карактер на земјата т.е. да има претставници и од заедниците на чиј јазик се изведува наставата во основното образование во конкретниот случај и од турската заедница.

Почитувани пратеници, дозволете ми накратко да се осврнам на делот од текстот на Законот кој се однесува на изборот на органите на управување и

раководење со основните училишта за што лично сметам деке Министерството не го нуди најсреќното решение на што ги имам следните забелешки:

Прво, членот 29 генерално треба да содржи став кој ќе обезбеди правична и соодветна застапеност на етничките заедници, застапени во таа единица на локалната самоуправа при изборот на органите на управување во основните училишта.Со други зборови персоналниот состав на училишниот одбор би требало респектира етничкиот состав на населението на дотичната единица на локалната самоуправа.

Второ, во Предлогот за донесување на законот за измена и дополнување не Законот за основното образование му се дава можност наградоначалникот да донесе одлука за распишување на јавен оглас за изменување на директор и да го врши изборот на директорот што не претставува ништо друго, туку проста трансмисија на надлежностите лод министерот на градоначалникот. Бидејќи образованието е област од посебен општествен интерес, ваква трансмисија на моќтта од рацете на министерот во рацете на градоначалникот, може да предизвика сериозни нарушувања на односите во образовната сфера и пошироко на меѓуетничките релации.

Оттука сметам дека е далеку поцелисходно и поквалитетно решението со кое одлуката за распишување оглас за директор на училиштето да го врши советот, а изборот на директорот да го врши Советот на единицата на локалната самоуправа, со мнознство гласови при што треба да има мнозинство на гласови на заедниците кои во дотичната единица на локална самоправа не се во мнозинство. Длабоко сум уверен дека ваквото решение не само што е во духот на Рамковниот договор од Охрид, туку обезбедува протективен механизам од евентуална реализација или волонтеристички решенија на штета на малцинските етнички заедници.

На ниво на земјата вакви протективни механизми веќе функционираат преку Бадентеровото мнозинство кога се разгледуваат прашањата од сферата на јазичниот, културниот, образовниот и етничкиот идентитет на заедниците во Република Македнија.

Ваква аналогија мора да се прелее и на локално ниво за да се стесни маневарскиот простор на политичкит елити преку политизација и надласување да овозможат мајоризација и одлуки кои би оделе на штета на етничките заедници кои во дотичната единица на локална самоуправа имаат својство на малцински заедници.

За жал постојниот закон за локална самоуправа не предвидел вакви решенија. Ваквото дизајнирање на Законот за локална самоуправа според претставникот на Министерството за образование и наука го оневозможува предлагачот да понуди вакви решенија. Истото важи и за средното образование.

Морам да напоменам дека не сум уверен дека имам доволно политичка волја, дотолку повеќе што ресосното министерство на Владата можеше преку Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за локална самоуправа да овозможи правен основ за имплементирање на вакви решенија кои аналогно со оние на републичко ниво би обезбедиле ефективен заштитен механизам од мајоризација и волонтеристички решенија. Впрочем кога имаше потреба ние интервениравме и со измени во Уствот на Република Македонија.

Оттука предлагам Предлогот за донсување на законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование а и за средното да оди во три фази, а во меѓувреме на предлог на Владата, или истото можеме и ние од Демократската партија на Турците да го направиме да се иницира Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа за да обезбедиме законски основ за имплементирање на вакви решенија во Законот за основното и средното образование.

Мислам дека би била огромна грешка во дизајнирањето на законот да не се земат во предвид сериозните импликации врз квалитетното функционирање на образовниот систем посебно во сферата на основното и средното образование. Ова дотолку повеќе што со измени на само неколку члена од Законот за локална самоуправа ќе се создаде правен основ за воведување на вакви протективн механизми што би биле од корист на сите заедници бидејќи буквално секоја етничка заедница во одредени единици на локална самоуправа си има својство на малцинска заедница.

Поаѓајќи од досега изнесеното длабоко сум уверен дека Министерството за образование и нака ќе ги има во предвид мислењата, предлозите и сугестиите од оваа парламентарна дебата и од комисиските расправи и во наредната фаза ќе понуди текст на закон кој во себе ќе ги предложи сите предлзи и сугестии кои одат во правец на квалитетен образовен систем и ефективна заштита на интересите на сите заедници во оваа област од посебен општествен интерес.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ве поздравувам сите.

Денеска пред нас имаме Предлог за изменување  и дополнување на Законот за основно образование кој е еден чуствителен закон затоа што станува збор за образование во нашата држава и се знае дека базаменко на образованието е основното образование и преку основното образование излегуваат разни кадри кои во иднина се професионалци во свои професии и со своите способности ќе го дадат придонесот, посебен придонес во унапредувањето на нашата држава во сите области на живот. Посебно ќе имаме унапредување во развојот на општеството  и ќе имаме и во економијата. Сите прогресивни земји кои сакале да одат напред направија реформи во обласа на образованието. Посебно реформите почнаа во основата. Главната основа е основното образование.

Ми причинува задоволство со Предлогот на законот за изменување и дополнување што започнува етапата на децентрализацијата на образованието. Со децентрализцијата на образованието граѓаните ќе имаат можност во иднина да бидат внимателни во изборот на нивниот раководител на локално ниво. Ако тие не изберат добар раководител на локално ниво, тогаш да не очекуваат да имаат успех кај своите деца кога ќе го носат во основното образование.

Овој закон ги допира интересите на сите граѓани во Република Македонија. Претходните говорници изнесоа многу работи и јас не сакам да ги повторувам. Сите пратеници се родители и нема потреба многу да филозофираме, бидејќи ја знаеме реалната состојба во основното образоваине и знаеме со какви проблеми се соочуваат нашите деца. Ги поддржувам излагањата на моите колеги кои зборуваа во интерес на заштита на интересите на учениците. Ние треба да работиме и донесуваме закони со кои ќе се заштитат интересите на учниците. Еден од поважните закони што треба да се донесат е законот со кој ќе се прекине непочитувањето на учениците од педагозите, кои не знам дали тоа го прават свесно или несвесно, но треба да имаме предвид дека во основното образование имаме мали деца кои се доста чувствителни и негативните чувства влијаат на духовните чувства што ќе остават последици во целиот нивен живот. Во развиениот свет овие нешта се надминати многу поодамна.

Затоа, предлагачот на законот за изменување и дополнување на Закоот за основно образование треба да има предвид, во иднина, со закон да се регулира педагозите во основното образование да работат во интерес на учениците и да настојуваат да навлезат во душата на учениците, нашите ученици да не бидат

допрени од духовна гледна точка. Без ова не можеме да очекуваме резултати во иднина.

Што се однесува до директорите и правото што се дава на директорот да го предложи одборот на училиштетото, верувам дека во иднина како членови на одбор на училиште ќе дојдат луѓе кои го заслужуваат тоа и го сакаат образованието или со еден збор кои ги сакаат своите деца. Ако ги сакаат своите деца, тогаш ќе изберат членови во одборите и ќе го дадат своето мислење за да го предложат можниот кандидат за директор, кое именување ќе го изврши претседателот на општината. Ќе повторам, претседателот на општината се предвидува да има многу поголема надлежност во однос на актуелните претседатели кои се на раководни места во општините, затоа што сега тие ги немаат тие права. Сега Министерството ги нема тие ингеренции. Ако ние како пратеници направиме грешка и избереме министер кој не ги води работите како што треба, сега директно се дава можност на граѓаните во нивните места на живеење да го изберат подобриот кандидат кој ќе работи во интерес на нивните деца.

Не знам дали тоа е во согласност со Уставот, но во практиката на неколку места сум го забелелжал следново. Кај нас како стара традиција се практикува директорите да конкурираат од внатрешниот колектив, но ако конкурира кандидат од друг колектив тоа се смета како трагедија. Во цивилизираните земји тоа е практика, можните кандидати да конкурираат во различни училишта. Зошто го велам ова? Ја избегнуваат можноста да се направат групации или кланови кои го поддржуваат тој директор, кој нема да работи во интерес на учениците и воопшто на граѓаните, туку ќе работи во интерес на групацијата, наводно тие го бранат неговиот интерес.

Во иднина, стручните лица од областа на образованието во Министерството за образование и наука треба да го разгледаат ова прашање, можните кандидати да конкурираат од разни училишта во други училишта и доколку се појави разлика во политиката, позицијата оди во опозиција или опозицијата во позиција да нема разлики и кај раководителите, да имаме добар раководител и директор. Но ако во изборите изгуби другата партија, се остранува и тој како кадар, со што ќе имаме големи последици врз самите ученици и сите граѓани.

Ќе се осврнам на забелешката на членот 26. Пред да ја дадам забелешката, да не ме разберат лошо граѓаните и пратениците, не сакам никого да дискриминирам, но да им се даде еднакви права на сите граѓани, што се природни права што им ги дала природата. Ќе кажам едно филозовско мислење на Никола

Коперник, кој живеел во средниот век и бил учен, кој добивал многу критики од аналфабетските клерици кои сакале населението да га остават што повеќе во незнаење и да работат во сопствен интерес. Така го имаат индоктринирано населението што населението го критикуваше Коперник, образован универзитетски човек и тој велеше: не знам што им се допаѓа на луѓето, но луѓето не знаат што знам јас. Тој знаеше за движењата на телата, додека граѓаните не знаеле ни да пишуваат. Значи, ние како пратеници не треба да работиме во интерес на индивидуални или тесно партиски интереси, туку треба да работиме во интерес на општите интереси на граѓаните.

Оваа забелешка што ќе ја дадам е забелешка на граѓаните од албанската заедница. Имено, во членот 26 се вели: "учениците, членовите на заедниците кои наставата ја следат на јазик поинаков од македонскиот педагошките документи се раководат и се даваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на кој се обавува наставата".

Ќе ве потсетам дека во поранешниот југословенски систем Република Македонија беше дел од таа федерација и јас во моето основно образование, како и сите мои врсници и претходно сведителствата ги земавме на албански јазик. Тоа не претставуваше никаков проблем и постоеше еден добар живот. Значи, секој сведителството го земаше ан својот мајчин јазик, без да се дискринимира друг.

И покрај ова, кај албанските педагози се појави уште еден проблем. Тие се дискриминирани бидејќи треба да прават двојна работа. Имено, документот го исполнуваат на македонски, а потоа и на албански јазик. Замислете колку е тешко! И духовно ова не е прифатливо, затоа што секој сака документот да го земе на својот мајчин јазик и не се навлегува во интересите на другите заедници, бидејќи сведителството од основното образование наставникот сам го исполнува и сам го предава. Вака продолжува до осмо одделение и по осмо одделение се запишуваат во средно образование.

Подоцна сигурно ќе имаме и став на парламентарната група. Треба да се направи и една измена, педагошките документи во основното образование треба да се водат и да се дадат на јазикот на кој се одвива наставата. Овде не се допираат интересите на никого, но им даваме природна можност на граѓаните на другите заедници на кои им недостасуваше едно такво право. Затоа, посебно внимание треба да обрнат претставниците на Владата за да направат измена, бидејќи ова не е индивидуален интерес туку е воопшто интерес на сите граѓани во Македонија. Со

ова, ќе направиме измени и дополнувања на законот што одат во интерес на граѓаните. Затоа и се прават овие измени.

Другите членови воопшто се добро подготвени, но бидејќи ова е прва фаза од донесувањето на законот, во втората фаза доколку има некаков недостаток ќе се разгледаат, затоа што законот не се донесува сам за себе туку во интерес на општите интереси на Република Македонија.

Верувам дека оваа сугестија ќе се земе предвид дека е во согласност со Уставот, а уставните измени се извршија со потпишувањето на Охридскиот договор. Уште еднаш велам, ова е во согласност со Уставот, граѓаните кои не се мнозинство педагошките документи да ги пополнуваат и да ги земаат на јазикот на кој се одвива наставата. Да не го повторувам и она што го рекоа другите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, претставници на Владата,

Еден од најважните и најсуштински, можеби и најприоритетни процеси, што треба да се имплементира во нашата држава, е секако процесот на децентрализација и преминување на ингеренциите од централната на локалната власт, а во таа смисла и процесот на децентрализација на образованието, со оглед на тоа што со Законот за локална самоуправа надлежноста за основање, финансирање и раководење со училиштата е во надлежност на општината.

Бидејќи со денешната точка на дневен ред практично започнуваме со процесот на децентрализација во образованието, дозволетеми на почетокот да укажам на некои аспекти од овој процес.

Децентрализацијата е означена како клучна стратегија за зголемување на ефикасноста, квалитетот и стабилноста на образовниот систем секаде во светот. Периодот на транзиција, кој во Македонија трае веќе 13-та година, политичките и економските турбуленции имаа како резултат намалување на бруто домашниот производ, што секако се одрази и на образовниот процес. Од друга страна, барањата, односно очекувањата кои ние ги имаме од образованиот систем постојано растат како резултат на современите светски трендови и потребата за нивно следење, но исто така и заради нашата недвосмислена определба за евроинтегразиција. Процесот на децентрализација на образованието е само еден

чекор кој ќе не доведе поблиску до евроинтеграциските процеси и до нашиот прием во Европската унија.

Сакам да нагласам дека пренесувањето на ингеренциите од централната на локалната власт не треба и не смее да се свати механички, туку како еволутивен процес, заради тоа што мора да се балансира меѓу потенцијалните конфликти и императиви кои можат да се појават меѓу теоријата и практиката. Затоа, овој процес треба да се одвива многу претпазливо и транспарентно, посебно имајќи го предвид фактот што ние не можеме да ги предвидиме однапред сите проблеми кои би можеле да произлезат и како ќе се одразат тие на учениците и на родителите и на сите инволвирани во образовниот процес, но и на граѓаните општо, ниту пак треба да дозволиме под изговор на децентрализација на образованието да се решаваат други интереси.

Она што би сакале да го постигнеме со процесот на децентрализација на образованието е сигурно зголемена ефикасност и ефективност при решавањето на проблемите кои секојдневно произлегуваат во образованието, со самиот факт што локалната власт е многу поблиску, секојдневно се соочува со нив, за разлика од Министерството за образование и наука, но исто така и избалансиран систем на надлежности меѓу локалната и централната власт меѓу неспорната национална координација и стратегија што треба да постои од една страна и ефикасна локална демократска партиципација на власта од друга страна. Затоа, сметам дека процесот на децентрализација на образованието не смее и не треба да се одвива брзо, затоа што секакво избрзување може да предизвика огромни проблеми со несогледливи последици и тоа не само од аспект на квалитетот на образованието. Во прилог на ова мое залагање е и фактот што во одделни држави процесот на децентрализација на образованието трае повеќе од10-тина години и сеуште се преиспитуваат постапките со цел да се најдобар избалансиран социјален и економски баланс во таа смисла.

Затоа, тоа што мислам дека е неопходно е стратегија за децентрализација во образованието, во која ќе има јасни и недвосмислени цели распределени во етапи, а која исто така кќе зависи многу од новиот закон за територијална организација и законот за финансирање на општините.

Меѓутоа, апелирам целиот овој процес да се имплементира исклучиво во функција на подобрување на квалитетот на образовниот процес. Не треба да имаме дилеми дека децентрализацијата во образованието е процес кој ќе бара голема финансиска поддршка од повеќе причини, но тоа што може да се направи

најбрзо и без финансиски турбуленции е начинот на пренесување на надлежностите за управување и раководење на училиштата, а во таа смисла и начинот на изборот на директори.

Ова е решение кое треба да не доведе во процесот на деполитизација не само во изборот на директори, туку и на образованието воопшто. Досега именувањето на директори беше ингеренција на министерот и тоа обично врз основа на коалиционен договор, меѓутоа, ако оваа надлежност преминува во рацете на градоначалникот, кој исто така е член на некоја политичка партија, логично се наметнува прашањето колку суштински имаме влијание на овој процес. Можеби заради зајакнувањето на улогата на училишниот одбор од овој аспект ќе придонесе во извесна смисла за подобрување на досегашната практика, со тоа што училишниот одбор сега би требало да му предлага само еден кандидат на градоначалникот, но тоа отвора еден друг проблем со кој и досега се соочувавме, а тоа е начинот на кој што функционираат училишните одбори. И досега составот на училишните одбори содржеше родители и наставници во најголем дел, за разлика од претставниците на Министерството и локалната самоуправа, меѓутоа, често се случува членовите на училишните одбори да не се свесни за ингеренциите што ги имаат, посебно кај наставниците и родителите што во извесна смисла зависат од односот со директорот, да се појавуваат проблеми во начинот на функционирање на училишните одбори. Затоа, мислам дека е добро да се размислува за некаква едукација на членовите на училишните одбори, со цел да се свати дека училишните одбори се тие што се орган на одлучување, а директорот е само извршен орган.

Од друга страна, доколку сакаме професионални и деполитизирани директори, треба да размислиме или уште повеќе да преземеме конкретни чекори, директорите на училиштата да бидат луѓе со сертификати од областа на менаџирање на образованието, затоа што квалитетот што го има наствникот во воспитно образовниот процес автоматски не значи негова умешност во менаџирање и раководење на училиштето.

И на крајот, бидејќи како член на Комисијата за образование и наука имавме можност на Комисијата да ги разгледаме сите членови, би сакала само да потенцирам: сметам дека е потребно постоење база на податоци, која ќе ги содржи информациите за комплетните состојби во училиштата, бројот на ученици, наставници и инвестиции што се преземаат и слично, која континуирано ќе се дополнува, затоа што само на таков начин може многу поефикасно да се креира и финансиската политика и воопшто стратегијата во образованието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници, претставници од Владата,

Мојата дискусија би била сосема кратка затоа што своите забелешки и она што сметав дека требаше да биде инкорпорирано во овие предлози кои ги дадовме и на Комисијата за образование, наука и спорт, со Извештајот што го има од Комисијата, сигурно ќе бидат разгледани и дел од нив ќе бидат внесени во самиот Предлог на закон.

И на седницата на Комисијата јас ја дадов мојата забелешка во поглед на изборот на раководните тела, односно на директорот на училиштата, во смисла дали со овие решенија се врши вистинска форма на деполитизација и децентрализација, се со цел да дадам едно свое искажување и видување во однос на членот 98-а, кој што се однесува на избор на директор на основно училиште.

Имено, во членот се предвидува да училишниот одбор достави предлог за директорот, до градоначалникот, а градоначалникот да го изврши изборот на директор. Кај мене се наметнува дилемата и сега и кога ја имавме седницата на Комисијата, дали оваа определба во суштина многу се разликува од поранешната определба, кога директорот го именуваше министерот за образование. Ако тргнеме од констатацијата дека и министерот и градоначалникот се политички лица, тогаш во суштина на работите и нема да направиме многу, само од едно политичко ниво би го пренеле проблемот на друго политичко ниво.

Мојот предлог на ова решение, со предлозите кои ги дадоа претходните колеги пратеници, би било да директорот го избира училишниот одбор и тоа во членот 98-а, така е и напишано. Меѓутоа, градоначалникот да врши само потврдување само потврдување на изборот, затоа што училишниот одбор доставува само еден предлог до градоначалникот. А по службена должност, евентуалното непотврдување од страна на градоначалникот да се однесува само на тоа доколку постои прекршување во постапката за избор. Се разбира, доколку оваа моја сугестија биде прифатена, тоа ќе значи во мал дел да се интервенира и во некои останати членови на овој Предлог на закон, за да може истиот да има и своја конзистентност со оваа определба.

Инаку, она што се однесува на членот 21 став 9, односно во делот на стручен работник, покрај педагог, психолог и дефектолог, да стои определбата социолог, навистина ме радува, бидејќи оваа моја забелешка беше укажана на Комисијата и од страна на министерот како таква беше прифатена со сите сугестии поради што тоа го предлагам. Сега, од страна на претставници и на колеги од повеќе политички партии, како таква прифатена и јас се надевам дека Министерството како таква ќе ја вгради во Предлогот на закон кој ќе биде доставен и пред нас.

Моите дилеми се само во поглед на тоа дали законот, предлозите за промени на Законот за основно и средно образование, треба да одат чекор понапред или чекор поназад со предлозите на закони, измени и дополнувања на закони за локална самоуправа. Јас сепак мислам дека ако не одат паралелно, би требало да одат чеко после измените на Законот за локална самоуправа, за да не дојдеме во некаков расчекор во смисол на тоа што ќе ги понудат новите закони за локална самоуправа. И, едно нешто што би сакал да го укажам како мое размислување е во насока на постепено преминување на децентрализација и деполитизација на основното и средното образование на локално ниво. Мислам дека определбата да се отпочне со овој процес, за почеток само во основното образование, а во некоја наредна фаза, кога би се собрале определени искуства во тој процес, да се оди на ниво на средно образование, отколку тој процес да биде направен само во една фаза. Ова го искажувм пред се од аспект на тоа дека во процесот на преминување на основното и средното образование на локално ниво, сметам дека ќе се појават бројни недоречености, нејаснотии, кои што ќе можат да ја отежнат оваа постапка. Затоа би било подобро да го почнеме процесот на децентрализација на основното образование, а понатаму во еден нареден период да ги собереме искуствата и да видиме како ќе можеме да се однесуваме и во сферата на средното образование.

Се надевам дека сите овие сугестии, извештајот што го имаме од Комисијата во која што навистина ги искажавме сите свои забелешки, се со цел да се подготви еден поквалитетен предлог на закон, ќе можеме да допринесеме да еден таков предлог на закон имаме. Со тоа ги подржувам промените, односно предлогот за промени и дополнувања во сферата на основното образование да одат и јас и Комисијата и пратениците од Либерално демократската партија ќе гласаме во тој правец позитивно.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Анастасовски. Инаку, предлагам и со некои од координаторите се договоривме денес исто да работиме без пауза. Имаме уште многу мал број на точки за кои нема амандмани, само гласања се и предлагам со тоа да завршиме порано.

Господин Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас навистина ќе бидам краток, бидејќи имавме можност во самата Комисија за образование, наука и спорт да кажеме тоа што мислиме за предлогот за изменување и дополнување на Законот за основно и средно образование.

Тогаш потенцирав и сега ќе кажам, мене конкретно ме провоцира и дискусијата на господинот Коста Прешоски, која исто ја загатна и на самата Комисија, а тоа го спомна и господинот Бејта, околу членот 98, односно именување и разрешување на директори на училишта. Господинот Коста Прешоски даде две алтернативи за промена и измена на овој член 98.

Едната беше кандидатот да е со завршен повисок степен на образование и едната беше алтернатива кандидатот да е стрикно со високо образование. Јас и на самата Комисија и сега апелирав до претставниците на Владата на Република Македонија да се вметне оваа одредба во членот 98, посебно онаа првата алтернатива што ја спомна господинот Прешоски, со завршен повисок степен на образование. Кандидатот да има завршен повисок степен на образование. Тоа од едноставна причина што кандидатите кои се пријавуваат, или кои би се пријавувале на конкурс е од поново време, луѓето во основно и средно образование веќе имаат завршено и магистратура и докторати. Со тоа што ќе се вметне една ваква одредба во законот, значи ќе се остави простор да навистина се избере стручен и квалитетен раководен кадар, или директор на едно основно училиште. Затоа, исто така апелирам до претставниците на Владата на Република Македонија.

Она што го напомена господинот Бејта за можни кандидати од некое друго училиште да се пријават на самиот конкурс, тоа со законот не е обврзано. Конкурсот е отворен за сите, има право секој кој ги исполнува или ќе ги исполнува условите од конкурсот, да се пријави на истиот.

На крајот, ќе кажам дека позитивно е тоа што законот за измените и дополнувањата за основно, а еве и за средно образование одат во две фази, така да ќе има простор да се даде на јавна расправа и да се сугерира на ваков или онаков начин во самиот закон.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Гешоски е последниот дискутант.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Почитуван претседател на Собранието, почитувани претставници на Министерството за образование, колеги пратеници,

Да бидам искрен, немав намера денеска да дискутирам по предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование. Меѓутоа, од причини што поголем дел од дискутантите проговорија за членот 2 кој што го третира образованието на децата со посебни потреби и од причини што заради недостиг на време на вчерашната седница кога се поставуваа пратенички прашања имав намера токму да го поставам ова прашање за образованието на децата со посебни потреби во Република Македонија. Велам, неуспеав да го сторам тоа, почувствував потреба еве сега да проговорам за таа проблематика.

Како што е дадено во образложението, со промената на член 2 кој се однесува на член 5 од основниот закон за основно образование, се вели дека ваквата измена се прави за да се изврши терминолошко усогласување со европската терминологија од оваа област. Јас сметав дека тоа е навистина така и дека треба ова терминолошко усогласување да се стори во самиот понатамошен текст на предлогот за донесување на закон, бидејќи има места на кои што тоа терминолошко усогласување не е сторено.Меѓутоа, да преминам на она што е поглавно.

Имено, дел од претходните дискутанти заговараа вклучување на децата со посебни потреби во редовното образование во редовните паралелки. Тоа е еден процес кој што има назив или име, процес на инклузија и во ваквиот процес на инклузија поголем дел на земји во Европа и во светот веќе имаат почнато да го применуваат. Велам, ова требаше да биде и мое прашање на вчерашната седница.

Образованието на децата со посебни потреби и те како е важно за понатамошниот живот и развој на лицата со посебни потреби и токму затоа на ова прашање му се придава големо значење секаде во светот, па и кај нас. Меѓутоа, процесот на инклузија, реков постојат земји во светот кои што го имаат и законски регулирано и кои што почнаа да го спроведуваат. Меѓутоа искуствата од тие земји не се баш најповолни и така да, таквите земји кои што први почнаа да го спроведуваат овој процес, се враќаат на досегашниот процес на образование и образование на децата со посебни потреби, во посебни паралелки и во посебни училишта или пак во посебни паралелки во редовните училишта. Сметам дека Министерството при изготувањето на конечната верзија на овој текст, треба да ги има во предвид искуствата, посебно би потенцирал на Италија и на Хрватска, бидејќи тоа се земји кои што ја имаат применето инклузијата.

Во нашата Република во изминатите 50-тина години, образованието на децата со посебни потреби точно е дека се одвиваше во специјализирани заводи или институции, во кои што децата беа интернатски сместени и таму се образуваа и учеа. Добро е кога би можело да не бидат сместени интернатски во специјални заводи и во фаза е процесот на деинституцијанилизација на таквите закони. Тоа е добро доколку Републиката има финансиски средства во сите поголеми градови да отвори едни такви паралелки или дневни центри за децата со посебни потребни.

Меѓутоа, во секој случај, доколку биде, треба да се размисли како тоа би било регулирано во законот. Инаку, во изминатите две години, во нашата држава на база на проекти во одредени училишта, експериметално би рекол, децата со посебни потреби беа вклучувани во редовните паралелки и исто така потребно е да се види искуството од таквото нивно вклучување за да не би направиле погрешен чекор, бидејќи во тој развоен период и со едно вакво експериментирање со деца со посебни потреби, може да има далекусежни последици во нивниот натамошен развој едно такво експериментирање.

Толку би имал што се однесува до инклузијата или вклучувањето на децата со посебни потреби во редовните училишта. Би го изразил своето задоволство, бидејќи свое место посебно во член 21, каде што се кажува кои се можат да бидат учители или наставници и стручни работници кои што ја остваруваат воспитно - образовната дејност, свое место земаат дефектолозите. Меѓутоа, би сакал да кажам дека во членот 7 односно во став 7 во член 21 каде што се кажува кое лице ги исполнува условите за воспитувач во ученички дом, сметам дека треба да се додаде, покрај наставник - педагог, психолог и дефектолог, бидејќи

дефектолозите ги исполнуваат условите да бидат и воспитачи во ваквите ученички домови. Со тоа, нормално би имале поширока сфера на работа и да бидат вклучени во системот на образованието.

Исто така би сакал да кажам две работи кои што лично кај мене предизвикуваат дилеми. Тоа е последниот став во членот 21, каде што вели дека предност при избор на учители, наставници во предметна настава имаат лица со завршен повисок степен на образование. Би сакал да прашам дали Министерството има извршено анализа, нормално во соработка со Бирото за вработување, колку лица во Република Македонија се со завршена виша педагошка школа и колку од нив се наоѓаат на Бирото за невработени и би требало да биде изнајдено преодно решение, се со цел овие лица да не останат вечито невработени и да бидат секогаш на списокот на Бирото за невработени.

Втората дилема е времето од кога овој закон треба да се применува, бидејќи во претходните три години, три или четири години мислам дека запознав дел од состојбите во локалната самоуправа, сметам дека досегашната поставеност на единиците на локалната самоуправа ќе им треба еден навистина подолг временски период за нивно прилагодување, се со цел да можат успешно да ја превземат оваа обврска која што произлегува од децентрализацијата на власта. Нормално, пишува дека овој закон најмногу зависи од донесувањето на Законот за финансирање на локалната самоуправа што е сосема точно, бидејќи нема ингеренции доколку немате финансиски средства за да го реалзирате она што ви се дава како ингеренција. Од таа причина можеби треба да се размисли и овој закон да се применува од 1 јануари 2003 година или пак да и се даде еден преоден период како што се вика, после покалните избори во 2004 година, меѓутоа период во кој што локалната самоуправа ќе ги заврши неопходните подготовки за да гјапреземе улогата која што треба да ја има во натамошното работење.

Јас имам толку. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Пишува во законот кога стапува во сила.

Никој повеќе не бара збор? Никој не бара збор.

Го заклучувам претресот.

Повикајте ги пратениците да влезат во салата, преминуваме на гласање.

На Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија ќе се доставаат до Владата на Република Македонија и Министерството за образование и наука.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 за и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

20 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела ви се доставени и поделени.

Воведното излагање од заменикот министер го слушнавме.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Станковска Славица.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам претседателе,

Почитувани,

Причините за изменување и дополнување на Законот за средно образование се однесуваат на согледувања од кои е дојдено од практичната примена на истиот. Но, истите главно произлегуваат и од донесување на амандмани на Уставот на Република Македонија во 2001 година, односно имплементирање на термини кои се однесуваат на изведување на настава на паралелки на јазик различит од македонскиот јазик и пренесување на надлежностите на органите на

централната власт на општините во делот на основање, раководење и управување во средните училишта.

Најголем број на членови кои се поместени во предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование, ќе се применуваат последните локални избори, како и по влегување на законот во сила, на Законот за финансирање на општините. Заради тоа што битно се менува начинот на основање, раководење и управување на средните училишта, добро е што законот оди во две фази. Од своја страна ќе овозможи вклучување на поголем број на субјекти во функција на изнаоѓање на најоптимални решенија за поквалитетно средно образование.

Од извештаите на матичната комисија и комисии кои на своите седници го разгледувале предлогот на законот, може да се види дека има примедби на одредени предлози во законот. Сопствените видувања за одредени решенија ќе ги доставам во писмена форма до предлагачот, а сега во оваа прилика ја користам можноста да проговорам и за нештата кои според мене се многу битни за севкупните состојби во образованието.

Мојата намера не ми е да држам лекции, уште помалку некого да навредувам или девалвирам, заради тоа што тоа право и го немам. Значи, потенцирам дека ова е мое видување, што не значи дека нема или не треба да има други размислувања.

Како професор кој активно учествував во еден степен на образованието, гимназиското образование, 27 години, имав можност преку новите генерации на осмоодделенци перманентно да бидам во тек со состојбите на основното образование, но исто така и како професор кој активно работел на подготовка на гимназијалци за полагање на приемни испити на факултетите, да го следам нивото на нивните предзнаења. Но, врската со моите ученици не завршувала со завршување на гимназиското образование, туку таа продолжува со следење на нивните резултати до завршување на високото образование, а понекогаш и понатаму.

Ќе започнам и ќе укажам на познатата максима - ако сакаш да уништиш една држава, уништи му го образованието, а потоа таа самата ќе се уништи.

Според мене, почитувани колеги, немаме потреба некој друг тоа да го прави за нас, туку систематцки, години station наназад ова го чиниме. И, ако така продолжиме на добар пат сме во тоа и да успееме.

Од медиумите имавме можност да се запознаеме со ниското ниво на знаења на основците, што од своја страна донекаде укажува за состојбите во основното

образование. Доколку би имале можност да се запознаеме со нивото на знаење на средношколците, во Републиката, мислам како и од претходното, нема да бидеме задоволни од резултатите. Нормално, се поставува прашањето за причините, за состојбите во образованието, заради тоа што во претходниот период имавме респективен образовен систем во рамки на државата и пошироко.

Постојат повеќе причини, според мене за состојбите со кои се соочуваме со состојбите. Една од причините сигурно се честите не добро осмислени реформи во образованието, како и лошата кадровска политика, поаѓајќи од министрите па се до оние кои директно се вклучени во изведување на наставата.

На самиот почеток на мојот работен век, како професор во чилиште за занимање имав можност да ја констатирам штетата од реформираните училишта за занимања. Значи, со реформа се укинаа училишта што профилираа кадри способни да независно, индивидуално работат и егзистираат од сопствената струка, за разлика од нив, новото реформирано образование овозможи стекнување на квалификација, но недоволна оспособеност во струката. Од своја страна, ова продуцира лица што можат да станат само добри работници во еден дел од технолошкиот процес, но не и самостојно да се занимаваат со дејноста со која што стекнале одредена квалификација.

Очигледна беше штетата на уништување на класичниот занает, но ништо не се направи во насока на подобрување на состојбите. Преминот во гимназијата ми овозможи да работам со ученици кои не само што имаа огромен интелектуален потенцијал, туку и желба за акумулирање на нови знаења. Но, целокупниот амбиент, наметнат од филозофијата на живеење што се базираше на потребата од образование, како услов за помалку да се работи или да се дојде до диплома без разлика по која цена за полесно да се дојде до работното место, распадот на претходниот систем и транзицијата ни понудија нов приод кон образованието за профилирање на кадри што ќе бидат во функција на пазарното стопанство, во кое што само квалитетот може да помине на пазарот и само тој има цена.

Наместо да го прифатиме новиот предизвик и можностите што ги нуди пазарното стопанство за индивидуална активност и креативност, ние продолживме со старата филозовија што не доведе во состојба во која се наоѓаме и во која како магепсан круг се вртиме и од која праксата покажува дека тешко можеме да излесеме.

Аномалиите во образованието што беа последица на губење на вредности и норми што еден долг временски период ги негувавме, дојдоа, исто така, до израз.

Најновите случувања, ако може до крај да им се верува на медиумите, за можноста на пазарот на знаења да се купи оценка па дури и диплома не загрижуваат, туку плашат поради помислата до каде се може да се отиде во напорите да се постигнат некои цели.

Покрај огромниот пад на квалитетот на знаење, се соочивме и со распадот на претходниот систем во кој живееме, исто така младата популација се соочи и со нов предизвик како што се дрогата, алкохолот, што во процесот на транзиција на луѓе со ниски морални вредности им овозможија ниска и брза заработувачка.

Во средното образование се соочивме со еден феономен карактеристичен за нашите простори, а тоа е користење на средношколската популација за дневно политички потреби и реализирање на теснопартиските интереси, како најподатлива возраст, занемарувајќи ги последиците од истите. Оваа употреба, односно злоупотреба на младата популација, долгорочно гледано, ќе врати како бумеранг, но на штета на оние кои ги користеа. Мислам дека злоупотреба од оваа природа треба да биде осудена од сите субјекти, но и најстрого да биде санкционирана.

Почитувани,

Добро е секој поединечно и сите заедно, според своите можности и знаења да дадеме свој придонес во сите степени на образованието, во создавање кадри компатибилни со образовните системи во Европа и пошироко, заради тоа што ние располагаме со огромен потенцијал на млади луѓе што треба правилно да се насочат.

И, сосема на крај почитувани колеги, неопходно е постојано да се инвестира во образованието, профилирано според меѓународни стандарди, ослободено од етнички, верски и партиски влијанија, образование што ќе продуцира прави интелектуалци, бидејќи истите не познаваат и не признаваат ниту етнички, ниту религиски, а уште помалку партиски бариери, за разлика од квази интелектуалци кои не се способни да разликуваат и почитуваат прави вредности и претставуваат опасност за сопствената заедница и за државата во целина.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Мојата дискусија за изменување и дополнување на Законот за средно образование ќе биде кратка и ќе се однесува само на специфичностите и разликите во однос на Законот за основно образование, со оглед на тоа што потребата, начелата, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на нивното уредување во овие два закони се исти.

Поради соодветно усогласување на Законот за средно образование со Законот за локална самоуправа, надлежностите при основање, управување и раководење на јавните општински училишта се пренесуваат од органите на централната власт на општините. Така, со предлогот, општината оснива општинско средно училиште, води регистар на општинските средни училишта на своето подрачје, што е нешто ново, поднесува постапка за престанок на работа на средното општинско училиште и тн.

За да се обезбеди поцврста врска помеѓу општината и училиштата се врши измена во бројот, составот и надлежностите на училишниот одбор. Така, се предлага тој сега да брои 12 членови. Предвидено е, покрај другите и еден претставник од Министерството за член на училишниот одбор и не се знае кој ќе го именува и разрешува. Предлагам да се прецизира органот што ќе го врши именувањето и разрешувањето на претставникот на Министерството во училишниот одбор.

Исто, предвидено е и еден претставник од деловната заедница за член на училишниот одбор. Но, без право на глас. Овој предлог, по мое мислење се однесува за стручните средни училишта. А, кој ќе биде за гимназиите, бидејќи овие претставници ги именува и разрешува Стопанската комора на Република Македонија, не се знае. Затоа предлагам да се прецизира составот на училишниот одбор посебно за гимазии.

Ново е што се предлага мандатот на директорот на ЈСУ (Јавно средно училиште) да трае четири години, наместо пет, што е прифатливо.

Една од причините за измена на Законот произлегува од дополнителни согледувања, како резултат на неговата сегашна примена. Така, попрецизно се регулира организацијата и остварувањето на средното образование, како јавни и приватни училишта. Во категоријата на ЈСУ, сегашните државни преминуваат во општински, а за остварување на средното образование за одредени категории на

ученици, за кои државата има посебен интерес, се основаат државни училишта, што е нов.

Ново е тоа што во втора, трета и четврта година на гимназиското образование се овозможува да се запише и вонреден ученик под одредени услови регулирани со статутот. Бидејќи е регулирано кој ученик има статус вонреден ученик, предлагам истото да важи и за првата година. Значи да се воведе вонредно гимназиско образование во целина.

Исто така, има предлог да се изостави во категоријата стручни соработници социјалниот работник заради непостоење на реална потреба од ваков кадар во средните училишта. Мислам дека овој предлог треба малку да се преиспита.

Се изоставува дневникот на паралелката во категоријата Педагошка документација, како документ што не е од трајна вредност. Ново е што се предлага дневникот на паралелката да се води на јазикот и писмото на кој што се изведува наставата, што е прифатливо решение.

Прецизно е дефинирано дека директорот на општинското училиште се именува и разрешува од градоначалникот, а директорот на ДСУ се именува и разрешува од училишниот одбор, по мислење на Бирото, што е добро решение.

На крајот, и овој случај, како и при предлогот што го дадов за основното образование, да се организираат едукативни рабтилници во функција на донесување на подобар и поквалитетен закон за средно образование.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Ве поздравувам сите.

Мислам дека поентата што ја врши овој закон е децентрализацијата, нов начин на менаџирање во деполитизација и многу предности што ги има, се со цел образованието да биде поефикасно и поквалитетно во целина.

Го поддржувам овој закон, сметам дека во предлогот ќе се земат предвид нашите забелешки, на пратениците и нашите сугестии.

Забелешките ги насочувам во сфера што малку се допре, но мислам дека има круцијално значење. Тоа е што и како треба да правиме на образованието да ја вратиме едукативната компонента, сега долго време изгубена. Конкретен предлог

немам, затоа што мислам дека е ова работа на интердисциплинарната елаборација, на која елаборација треба што побрзо да пристапиме.

Што се однесува до именување на директорите, јас и претходно немав против Министерството да ги именува. Но, тоа не го правеше како што треба. Треба да именува директори од разни средини, во разни средини. На пример дебарчанец во Тетово, скопјанец во Прилеп и обратно, што мислам дека ќе биде нов и добар квалитет. Но, пред нас е и процесот на Болоња каде што се предвидува да бидеме интегрален дел на овој процес, се предвидуваат професионални менаџери кои ќе раководат со училиштата и кои воопшто ќе немаат работа со педагошката работа во училиштата. Сега, нешто во врска со членот 22 од Законот каде што се предвидува покрај македонското писмо и албанското писмо.

Мислам дека овој вид на комуникација, е писмена комуникација меѓу абланците. Учител од прво одделение пишува, ова го критикувам од аспект дека ја отежнува работата на учителот, ја удвостручува неговата работа и овде имаме работа со плејада на учители, над 10 илјади учители кои имаат влијание во средините во кои живеат. Може лошо да се интерпретира од нив, да нема разбирање од нив и лошо да се интерпретира од други сили што сакаат добро на оваа Влада и да се покаже како една наша неготовност за да изградиме едно граѓанско општество.

Мојот предлог за ова е, Министерството, предлагачот да најде еден член каде албанските ученици на кои им требаат свидетелства на македонски јазик поради запишување во професионални училишта или на Универзитетот “Кирил и Методиј”, каде ќе има такви барања, на училиштето да се даде одно барање да дипломата или свидетелството им се даде и на тој јазик. Ова ќе реши многу проблеми. Ова не е ништо политичко, но едноставно е нешто практично. Предлагам да размислите за ова.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги и колешки пратенци,

На дневен ред е Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование. Како причини за донесувањето се наведуваат Рамковниот договор, т.е. амандманот 8 од Уставот на Република Македонија, каде што се вели дека припадниците на заедниците имаат право на свој јазик во основното и средно образование. Како втора причина е усогласување на Законот за локална самоуправа во делот на пренесување на надлежностите при основање, управување и раководење со средните училишта.

Јас би сакал да кажам некои свои размислувања што сметам дека ќе помогнат при донесување на Предлогот на законот.

Како прво, според Законот, основач на средното училиште може да биде Владата на Република Македонија, општината, градот Скопје или да бидат основани од приватни физички лица, кое може да биде домашно или странско. Мојата дилема е дали може општината да биде оснивач на училиште за средно образование? Средните училишта не се од задолжителен карактер, како што се основните училишта. Тие, по својот капацитет ги надминуваат општинските и градски граници, како и потребите на општините и градовите, училиштата кои веќе постојат во општините и градовите според овој Предлог за донесување на закон ќе преминат во општински и градски надлежности после следните локални избори, што значи може да се случи да овие училишта, ако едно училиште за средно образование биде во еден град, да има проблеми за запишување на ученици од другиот град, со оглед на местоположбата на тоа училиште во тој град. При што, ќе настане затворање на училиштата во општинските и градските граници и поради тоа сметам дека овие средни училишта сепак треба да останат во надлежност на државата.

Инаку, ние знаеме дека во шеесетите и седумдесеттите години се одеше до таму што одредени фирми основаа свои средни училишта. Како пример може да се наведе средното училиште на Рудници и Железарница Скопје, кое со тек на време премина во гимназија и сега егзистира како гимназија. Значи, сметам дека овие средн училишта треба да останат барем, ако не во државни граници, тогаш комбинирано со доминација на државата.

Исто така, сметам дека треба да се одложи донесувањето на овој закон, Нацртот и Предлогот на законот и да се донесат после Законот за територијална поделба и после извршениот попис, бидејќи тогаш ќе имаме подетални и поцелосни податоци за општините, значи за структурата на општината од аспект на социјална, етничка, полова, стопанска, културна, здравствена и образовна структура. И дали некоја општина ќе опстане или нема да опстане.

Исто така предлагачот би требало да размисли во смисла на срединитe со мешан етнички состав, бидејќи доколку овие училишта бидат општински, тогаш во тие средини со мешан етнички состав може да се случи заедниците кои се мнозинство или кои не се мнозинство во таа средина да бидат обесправени и да имаат помалку можности да можат да се запишуваат на поатрактивните средни училишта во тој град или таа општина. При донесувањето на Нацртот или Предлогот на законот сметам дека треба да се земе предвид и овој аспект, бидејќи сметам дека во практика реално може да се појави.

Исто така, да се причека донесувањето на Нацртот и Предлогот на закон по донесувањето на Законот за финансирање на општините, бидејќи во член 33 од овој закон децидно стои дека средствата за финансирање на јавното средно образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија на начин и постапка одредени со Законот за финансирање на општините.

Исто така, контролата и едукацијата на учениците да биде на централно ниво, од причина што треба да се обезбеди еднаков квалитет на знаење на цела територија на Република Македонија, односно во сите средни училишта во Република Македонија.

Се надевам дека предлагачот ќе ги разгледа овие сугестии, по што ќе добиеме еден општо прифатлив Нацрт и Предлог на закон за средните училишта.

Ќе повторам, нашиот предлог е да се одложи донесувањето на овој закон за одреден период, по донесувањето на Законот за територијална поделба, Законот за финансирање на општините, по завршувањето на пописот и средните училишта, доколку е можно, да останат во државна надлежност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Инаку, Законот ќе стапи во сила дури 2005 година, нема стравување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-дин Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Република Македонија по 13 години застој по крупни чекори тргна на патот што го поминаа најголем дел од земјите во транзицијата, односно патот на

децентрализацијата. Што значи пренесување на надлежностите од централната власт на локалната самоуправа. Република Македонија исто така е и потписник на Европската повелба за локална самоуправа и како таква ја презема обврската за децентрализација. Ова покрај што произлегува од оваа повелба, произлегува како што е познато и од измените на Уставот. Така Македонија го отпочнува процесот на децентрализацијата во разните сфери на општественото живеење, културата, спортот, основното и средното образование, социјалната сфера итн. За ова созреа еден став кој е прифатен од сите релевантни политички субјекти, како од позицијата, така и од опозицијата.

Оттаму, навистина зачудуваат изјави на некои опозициони лидери дека РМ не работи на спроведување на Рамковниот договор односно дека Рамковниот договор се релативизира. Напротив, и ова Собрание и Владата покажаа јасна политичка волја да работат на процес на реализација на овој договор. Но би го напоменал, дека децентрализацијата не ни е потребна, а во рамките на ова и на образованието, само заради европската повелба, или пак заради уставните измени. Таа е пред се, потребна заради поефикасно извршување на одредени работи во одредени сфери, а Европската пракса покажува дека тие многу поефиканcо и подобро се вршат на локално ниво, отколку на централно ниво.

Не почитувани колеги децентрализацијата не треба да се свати како еднostран акт, таа е процес и мораме да бидеме свесни дека таа не може да се случи преку ноќ, а тоа важи и во сверата на образованието. Потребен е одреден период единиците на локалната самоуправа да се подготват да ги преземат надлежностите во основното и во средното образование. Само во тој дел јас се согласувам со претходниот дискутант, бидејќи навистина потребен е еден преоден период да се подготват и покрај тоа што законот е во 2005 година, но сметам дека средното образование треба етапно да премине во рацете на локална самоуправа, не да остане во државна надлежност, но, сметам дека самиот процес на децентрализацијата на средното образование би можел да се одвива во еден период година до две по отпочнување на преземање на надлежностите во основното образование. Еве зошто. Сметам дека во период од една до две години би можело да се оцени какви се искуствата, вршењето на компетенциите од страна на локалната самоуправа во сферата на образованието, па потоа да се оцени како и на кој начин, ќе се преземат компетеницитe и во сферата на средното образование. Ова според мене е логично и можно, бидејќи законот за средно образование е во прва фаза, да има доволно време да се размисли ова да се вгради во преодните и

завршните одредби, односно стартувањето на законот да биде извесен период пред стартувањето на Законот за основното образование. На ова укажува и компаративната анализа на образованието на земјите во транзиција, како на пример во Чешка и во Словачка, кои што од сосема полноправно учество во ЕУ ги делат само неколку месеци, тие почитувани колеги, допрва тргнуваат по процесот на децентрализацијата и во основното и во средното образование. Јас би кажал дека компаративниот преглед на земјите во Европа, во поглед на рспределбата на надлежностите помеѓу централната и локалната власт укажува на една можна класификација на три групи.

Во првата група на земји државата ги има целосно компетенциите во основното, средното и другите видови на образование, а локалните единици имаат минимални или воопшто немаат надлежности, бидејќи нивните надлежности се во поглед на реконструкција на школските објекти.Тие земји се на пример: Турција, Кипар, Малта, Чешка и Словачка, каде што претстои процес на децентрализација.

Втората група на земји каде што локалната самоуправа е надлежна само за основното образование, а сите други видови образование, вклучувајќи го и средното образование е нележна државата. Тоа е во Латвија, Летонија, Естонија, Словенија, Хрватска, Луксембург и Ирска, при што, во некои од овие земји можно е општините, односно локалната самоуправа да ги извршува надлежностите, но како делегирани.

И на крајот третата група на земји со најголем степен на децентрализација, каде што локалната самоуправа е надлежна и за основното и за средното образование, како што се Белгија, Холандија, Швајцарија, Норвешка, Данска и некои други земји, не би ги набројувал, но овдека имаме една специфика дел од овие надлежности во овие земји во поглед на средното образование ги извршуваат второстепените облилци на локална самоуправа, односно окрузите, а основното го извршуваат општините.

Ова мое укажување беше со цел Министерството за образование и наука во наредните фази да посвети малку поголемо внимание на компаративно разгледување на распределбата на надлежностите на средното образование, во поглед на дистрибуцијата на компетенциите помеѓу државата и локалната самоуправа.

Инаку, на крајот би споменал дека образованието, односно состојбите во образованието се еден од основните индикатори за развојот и севкупните состојби во одредена држава и покрај тоа што во одредени периоди во одредени

транзициони земји, како што е случајот кај нас и покрај релативно добра образовна структура, земјите се наоѓаат во криза.

Но, почитувани колеги оваа држава може да биде извлечена од криза само од образовани кадри. И оттаму мора да се работи на проблематиката на сите видови на образование основното, средното и високото и тоа перманентно. Не е доволно само усвојување на законите, ние тој процес релативно брзо ќе го завршиме, но во секој случај, потребни се низа активности за да се подобри состојбата во образованието. Ако основното образование значи базична и фундаментална подготовка на учениците односно базично знаење, средното образование значи веќе смирување кон нивната професија, или пак кон идното усогласување и идното продолжување со студии. Но во секој случај, нам ни е добро познато и оттаму, не би зборувал многу широко за овој дел дека состојбите во образованието, во рамките на тоа и на средното образование се доста лоши. Неодамна на неколку прес конференции, претставнците на Министерството укажаа на тоа. Значи состојбата е алармантна, треба да се работи мошне напорно пред се, од страната на министерствата и Влдата, но и од сите други субјекти за средување, односно подобрување на состојбите за средното образование, бидејќи и самите укажувања на Министерството и на другите надлежни структури, укажуваат дека квалитетот и на наставата и воопшто, на образовниот процес конкретно сега зборуваме за средно образование, но од година во година тоа опаѓа и се разбира дека ќе има далекусежни последици, не само по образовниот процес туку и по севкупниот развој на државата.

Оттаму, на крајот би апелирал државата општо земено и сите надлежни субјекти да преземат многу поголеми и поефиканси мерки за средување и подобрување на состојбите во образованието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на г-динот Шапуриќ.

Има збор г-ѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодрам почитуван претседателе. Почитувани пратеници, претставници на Владата.

Средното образование е едно од најзначајниот сегмент во борабата против сиромаштијата во сите земји во светот. Затоа треба да изградиме таков систем на средно образование, кој што ќе го овозмочи тоа и кај нас, а во исто време ќе овозможи и општествен развој.

Со новиот закон за локална самоуправа ќе преминат одредени државни училишта во општински и сметам дека ќе се јават одредени проблеми, кои што треба во наредните фази на Законот да ги расчистиме. Беше веќе кажано од некои пратеници дека не е регулиран делот за уписи на ученици од една општина кои што сакаат да се школуваат и во друга општина, а посебно за општини кои граничат една со друга, меѓутоа, можат да се јават и големи проблеми при уписот на специфичните и атрактивните училишта кои што ги нема во секоја општина, посебно за средните училишта во кои што треба да се издвојуваат огромни средства.

Така на пример учениците од општина Струмица ќе имаат проблем за запишување во средно медицинското училиште кое што припаѓа на општина Штип. Учениците од општина Струга ќе имаат проблеми со запишување во угостителското училиште, кое што припаѓа под општина Охрид и да не набројувам понатаму, значи изговор ќе биде дека општината во која што се наоѓа училиштето издвојува пари за учениците од својата општина, а не за ученици од други општини.

Токму заради тоа, неопходно е потребно во Законот да биде прецизирано кои училишта се сметаат да бидат општински, кои државни, односно кои се тие средни училишта, за кои што дрджавата има посебен интерес за да може ние пратениците потоа да дискутираме и за тоа. Понатаму, ќе се осврнам само на некои мали забелешки на некои членови кои што регулираат одредена материја од оваа област. На пример во членот 10 кој што се однесува на прекинот на воспитно образовната работа во случај на вонредни состојби. Измените сега се состојат во тоа што порано одлука за прекинот даваше Министерството за образование. Сега тоа се пренесува на основачот. Значи, за општинските училишта за тоа дали ќе се прекине воспитно образовната работа да одлучува општината.

Сметам дека треба да стои на предлог на основачот согласноста да ја дава Министерството за образование.

Понатаму во членот 21 нема да се задржам на некои од членовите кои што ја регулираат истата материја, како во Законот за основно образование. Во прилог на времето да напомнам она што не е спомнато во Законот за основно образование, а овде е спомнато а сметам дека може да биде по инаку регулирано. и треба да биде поинаку регулирано .

Во предлог членот 21 од овој закон се предлагаат измени, кои што се однесуваат на лекарските прегледи на вработените во воспитно образовниот процес , се предлагаат измени дека лекарските прегледи да бидат не секои три години. Мислам дека во интерес на развојот на децата во здрави психофизички и

социјални личности на Република Македонија и е потребен здрав наставен кадар и затоа и е потребна почеста контрола на состојбата на здравјето на наставничкиот кадар. Три години, сметам дека се премногу. И сметам дека треба да остане постојното решение на Законот.

Во предлог членот 22 да не се поддржи додавањето на нов став 3, кој што се однесува на тоа дека дневникот на паралелката за припадниците на заедниците, кои што нставата ја следат на јазик различен од македонскиот јазик, дневникот на паралелката вели дека треба да се води на јазикот и писмото на кои што се изведува наставата. Сметам дека овде треба да се додаде и на македонски јазик, а понатаму еве ќе го поврзам и членот 23, кој што зборува повторно предлог има од страна на предлагачот дека од педагошките документации се предлага да се брише дненвикот на паралелката. Се набројува во членот 85 што се претставува педагошка документација и досега дневникот на паралелката беше педагошка документација и сметам дека така треба да остане и токму заради тоа и предлагам да се води на јазикот не само на заедницата, туку и на македонски јазик, бидејќи дневниокот на паралелката, иако не е документ од трајна вредност, тоа е документ врз чија што основа се дополнуваат документи со трајна вредност. И дневникот на паралелката повторно ќе кажам секогаш бил и мора да претставува педагошка документација.

Понатаму, во однос на тоа што не се регулирани кои се општински и државни училишта, веќе кажав и нема да се задржам на членот 34 и на крајот само ќе кажам дека се надевам дека овие забелешки кои што ги искажуваме денес пратениците ќе најдат место во тексетот на законот и дека ќе успееме да донесеме добар закон за средно образование, кој ќе овозможи генерациите што доаѓаат успешно да го носат товарот на развојот на државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ви благодарам. Ве поздравувам сите иако кажав мнгу нешта во однос на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование, тука се изменува ситуацијата, бидејќи во Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за среднообразование овдека учениците ги имаме со поголема возраст и забелешките што ги даде пратеникот Хусен, целосно се согласувам со нив и исцело со измените и дополнувањата на Законот за среднообразование, значи јас давам поддршка на овој предлог, но истата

забелешка е што ја даде пратеникот Хусеини, членот 22 за истата измена што се однесува и во членот 26 за основното образование. Ова го велам од една многу здрава причина, бидејќи тука станува збор за работа со повозрасни ученици, а треба да станува збор за посовесни луѓе и имаме политички партии, кои што имаат свои политички активности за тесни, индивидуални интереси и во иднина да не се злоупотребуваат учениците што се однесува до педагошките документи, за да не се манипулираат учениците. Значи во однос на албанците предлагам предлагачот на овој закон да ги разгледаат добро педагошките документи, да се исполнуваат на јазикот на кои се изведува наставата и тогаш нема да се даде можност да се злоупотребуваат учениците и нашите деца  заради свои индивидуални, лични интереси. Верувам дека доколку се направи оваа измена  нема да биде на штета на интересите на учениците и на граѓаните на другите заедници, туку се донесува еден закон за општ интерес, со кој ќе се засили со животот меѓу учениците од разните заедници.

И пред да завршам, ќе одговорам на колешката што даде забелешка во однос на дневникот. Незнам дали е позната ситуацијата во Западна Македонија која што е хетероген регион со албанци и македонци. Јас сум работел во едно училиште со македонци и со албанци и имаме исто мислење моите колеги македонци, немаат некоја забелешка, дневниците да се пополнуваат на македонски јазик, или пак на јазикот на наставата, бидејќи не постои некоја тајност, тоа е пишан документ и се знае неговата вредност. Тој документ се чува 10 години. Но, не треба да ги мешаме работите, ова не се нови работи и овие измени не се вршат прв пат во Македонија, тие постоеле, но сега имаме еден нов состав во парламентот со здрави пратеници, за да ги вратиме вредностите кои што беа порано и беа во полза на сите граѓани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Заменикот минситер сака да даде осврт на некоја од забелешките што ги дадоа.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Од самата раорава се јавува одредена дилема во поглед на предложената измена на Закаонот за основачи на средните училишта да се јави општината.

При анализа на ваквите дилеми јас би ги замолил пратениците да го имаат предвид Законот за локална самоуправа во кој што мора да се даде законска одредба за можност општината да се јави како основач на средно училиште.

Во поглед на дилемата на територијална припадност на така основаните средни училишта од стран ана општините јас повотрно би ги потсетил пратениците да ги видат одредбите од Законот за локалан самоуправа во кој што е рпедвидена можност и за реагионална поврзаност на општините вопоглед на делот на остварување на заеднички интереси, во случајот во делот на средното образование.

Општините со оваа законска одредба не мора да се јават како основачи, но мора да постои законска одредба со која што општините можат да го остварат своето право да се јават како основачи согласно со Законот за локална самоуправа.

Затоа се направени ваквите предлози за изменвуање на Законот во делот на можни основачи на средни училишата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејки никој друг не се јавува за збор го заклучувампретресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок.

1.Собранието на Република Македонија го усвојува предлгото за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за средното образование.

2.Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работнит е тела и од расправата на седницата на Собранието.

3.Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и стеногравските белешки од расправата на седницата на Собранието ќе се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за образование и наука .

Ги молам пратениците да влезат за да гласаме.

Предложениот заклучок го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 21 - Предлго за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Топузова.

РОЗА КАРЕВСКА - РОПУЗОВА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Валдата, почитувнаи колеги пратеници,

Пред нас на дневен ред за расправа е Предлогот на закон за вршење на занаетчиска дејност. Постојнито Закон од неговото донесување претрпе многу критикикакоод оние на кои дирекно се однесува, занаетчиите, така и од институциите кои треба да го применуваат. Ако кон ова се додадат и измените на текстот на законот во текто на 2000 година сосема јасно се наметна потребата од донесување на интегрален текст на нов закон за вршење на занаетчиска дејност.

Имено, со примената на законот за вршење на занаетчиска дејност донесен 1998 година сметам дека не се постигнати очекуваните ефекти во развојот на занаетчиството. Токму поради тоа не смао што се помал број луѓе се одлучуваат да се бават со занаетчиството, за што впрочем и се квалификувани, туку и оние кои веќе работат и со тоа си обезбедуваат егзистенција престануваат да ја обавуваат оваа дејност барајки други често пати и недостоинствени извори на приходи, како што се шверцот и незаконското продавање на секакви видови на роба по инпровизираните тезги и пазарите.

Почитувани колеги пратеници, сметам дкеа Предлогот на законот за вршење на занаетчиска дејнсот ствара правна рамка за регулирање на оваа сфера, но сепак остава простор на домашно усовршување и доработка.

Она што сакам да го нагласам и го сметам за позитивно во вооі закон е јасното дефинирање во членот 4 на дејностит еиуслугите кои што се сметаат за занаетчиски.

Исто така според мене од големо значење е што со овој закон, со членовите 29, 30, 31 и 32 се регулира и практичната обука за учениците кои ги изучуваат занаетите како особено стекнувањето на титулата мајстор со што се валолизира стручноста, квалитетот и мајсторството на вршителите на оваа дејност.

Можноста за здружување во занаетчиски комориисто така сметам дека е значајн апридобивка имајки го во вид влијанието кое го имале еснавските друшва низ повеќевековнат аисторија во сите сфери на живеење, а особено нивното влијание врз културноисториските процеси.

Посебношто сакам да се осврнам, а сметам дека не му е посветено доволно внимание во законот е дефинирањето и заштитата на старите занаети кои се регулирани единствено со членот 5. Сметам дека давањето на посебен законски третман на овој вид занаети е многу значајно особеново време кога се соочуваме со запоставување на традиционалните вредностикако неодминлив дел од нашата култур аи историја.

Доколку занаетчиите кои ги негуваат старите занаети кои веќе се во фаза на изумирање, мислам на занаетите, ќе споменам само некои од нив како што се кујунџискиот, ковачкиот , лимарскиот, копаничарскито и други со закон не стекнати одредени бенифиции и заштита им се заканув аопасност од целосно исчезнување со што се нанесува непроценлива штета на нашата традиција особено ако се има во вид дека од рацете на
нашите занаетчии настанале производи со високи уметнички дострели кои претставуваат репрезенти на нашето културно богатство и придонесуваат за афирмација на нашата земја надвор од границите на Република Македонија .

Поради сето ова неопходно е при натамошната доработка на овој закон да му се даде заслуженото внимание на старите занаети и да се земе предвид членот 22 од Законто за заштита на културното наследство со што ќе се оствари позитивен однос и поттик за негување на овој вид на занаети.

Со новиот закон за занаетчиска дејност во кој се надевам ќе бидат вградени сите досега и од оваа говорница што ќе се изнесат забелешки, како и со подзаконските акти кои ќе произлезат од него ќе се создаде правна рамка со која во целост ќе се надмине сегашната неповолна состојба во оваа сфера.

Пратеничката група на Либерално демократската партија ќе го подржи овој предлог за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам

Гозпоѓа Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Навистина ми е големо задоволство да го поздравам предлог текстот на овој закон, навистина ми е задоволство што овој закон ќе се носи во повеќе фази,

очекувам широка расправа затоа што е ова закон кој ќе биде интересен на широка група наши граѓани.

Навистина честитки за Владата и за Министерството за економија што преку ваков закон работи на создавање услови, носи мерки со кои ќе се стимулир апроцесот на самовработување, процесот на отворање семејни бизниси и каде што ќе може со релативно мали инвестирања да се работи на намалување на невработеноста.

Значи, во секој случај, еден извонредно значаен закон, извонердно значајна сфера која долги години беше запоставена или се сметаше како нешто маргинално и небитно. Искуствата во другите земји покажуваат дека на овој сегмент од стопанскиот живот во земјите се посветува многу сериозно внимание, има изградени стандарди и затоа има повратно и многу луѓе кои со тоа се занимаваат, многу луѓе кои ја решаваат својата егзистенција врз база на бавење со занаетчиска дејнсот и во крајна линија граѓаните добиваат услуги од занаетчиите со кои се задоволни.

Она што е особено битно за овој закон тоа се три моменти:

Прво, се олеснува и прецизира регистрацијата на занаетчиите,

Второ, предвидена е соодветна обука и се оди на тоа таа да се регулира и

Трето, се овозможува здружување на занаетчиите во занаетчиски комори, нешто што до сега не беше можно и каде сите занаетчии всушност беа дел од Стопанската комора на Македонија, а на сит ени е јасно дека мора да се прави разлика помеѓу големите, условно кажано, стопански дејности и малите стопански дејности и оние кои се сродни по некоја линија сепак треба да имаат можност да се групираат и да го наоѓаат својот интерес и да се борат за подобрување на својот заетнички с татус.

Она што е добра работа при носењето на овој закон е тоа што колегит еод Министерството за економија имаат контакти со занаетчиите директно, посебно со здруженијата на занаетчии на Град Скопје така што имаат учествувано на нивни трибини, на собири каде имаат изворно слушано мислењата на занаетчиите и добро е што дел од нивните забелешки се вградени во законот. Меѓутоа, никогаш не е доволно од добра соработка и јас би сугерирала до Министерството за економија уште поблиску да соработува со ова здружение и со другите здруженија на занаетчии и со занаетчиите како поединци, се разбира , затоа што сепак овој закон се носи токму за занаетчиите и оние кои со тоа дирекно се занимаваат, од тоа им зависи егзистенцијата и тие најдобро можат да кажат што е она што им треба.

Би сакала да сугерирам во следните расправи на комисиите што ќе бидат во Собранието да бидат задолжително повикани и невладини организации кои директно се занимаваат со оваа дејност конкретно морам да кажам дека добив писмо од Здружението на занаетчии на Град Скопје, беше наведено дека е упатено и до собраниските комисии, меѓутоа, тие немаат можност овој пат да учествуваат изворно , па веројано ќе биде добро таа можност да се оствари за да може низ директна дискусија на самите комисии со пратениците и со претставниците од Владата секако да можат да се испеглаат сите разлики кои евентуално би правеле забуни во натамошната примена на законите.

Јас ќе си дозволам да кажам само три забелешки од страна на занаетчиите , здруженијата на занаетчии на кои ми беше укажано и кои јас сметам дека се битни да ги споделиме за да размислуваме заедно.

Една работа е што во стариот и во новиот закон не постои можност занаетчијата кој произведува одредени производи да може да ги извесзува или да може да набавува репроматеријали и алати од надвор.

Занаетчиите, според она што ми беше укажано, сметаат дека тоа биб ило големо олеснување и не би се доведувално до тоа да има посредник кој само ќе ја накачи цената на крајниот производ, а во крајна линија цената која ќе ја платат граѓаните.

Тоа е една забелешка.

Втора забелешка и сугестија е да се размисли околу прецизно дефинирање на поимот занаетчија, затоа што еве како пример кој го посочуваат занаетчиите е примерот со пекарите и слаткарите. Тие, според овој закон, е оневозможено да бидат занаетчии, туку се сместуваат во услужни дејности поради работното време и поради тоа што даваат услуга. Меѓутоа, занаетчиите нагласуваат дека треба да се прави разлика помеѓу она што е основана дејнсот, а сепак основна дејност е производството кај слаткари и перкари, производство на одредени производи за кои е потребно да знаат одреден занает и дека тој аспект е примарен и би требало да се води сметка да не бидат оштетени во натамошниот нивен третман.

Трета забелешка тоа е во врска со здружувањето во регионални комори. Тоа е поздравено од сите занаетчии, лично јас посебно го поздравувам и го нагласувам како голема придобивка. И во една поранешна дискусија кога го разгледувавме Предлогот за донесување закон од сферата на економијата каде беше предвидено да се формира една стопанска комора на ниво на Република Македонија , дискутирав дкеа е потребно да се разграничат големит еод малите бизниси и дека е

многу значајно да се овозможи формирање на занаетчиска комора на Република Македонија . Притоа, го спомнав и Проектот што веќе три годинис е работи со подршка на Германската влада. Тоа е соработка помеѓу Занаетчиската комора на Градот Кобленц и Здружението на занаетчии на Град Скопје, како извонредно успешен проект, преку кои што тие сакаат да ни помогнат да дојдеме до занаетчиска комор аи до изградба на одредени стандарди за работ ана занаетчиите. така што, на овој начин, со овој закон практично се реализира и таа моја заложба. Мене ми е многу драго поради тоа и заложбата на самите занаетчии кои што, како што спомнав и самите бараат да имаат право на меѓусебно здружување. Многу е добро што се овозможува попримерот и на други земји формирање на регионални комори, занаетчиски комори во Република Македонија .

Во текстот постои можност евентуално, доколку постои желба да се формира и здружување или поголеми асоцијации на регионални те комори на ниво на држава. Токму тука е мојата забелешка и забелешката на колегите од сојузите, од Сојузот на занаетчиите. Имено, сметам дека не е доволно само да се каже можност, ако сакаат да се здружат во национална комора, туку дека треба задолжително да постои национална комора на занаетчиите, по принципот на Стопанска комора, па со разгранувања. Овде да има национална комора со регионално разгранвување, затоа што иманеколку многу битни моменти кои се поврзани со оваа точка. пред се тоа е изградување на стандарди на остручување на занаетчиите, затоа што сега веќе ќе има многу прецизно дефинирани сертификати, полагање мајсторски испити, полагање испити за чираци, за калфи ит.н., а са сето тоа, доколку се остави тоа само на регионални комори да го прават , ние ќе добиеме едно шаренило од страндарди што, веројатно, нема да придонесе за засилување на занаетчиските комори. Потребно е да има едно национално ниво каде што ќе иамме стандардни правила и стандарди воведени за остручување.

Втора работа, разединети, регионалните комори нема да бидат доволно јаки да бидат политички партнер, условно кажано на Владата при остварувањето, барањето и остварувањето на своите заложби. Само ако се организирани во една комора што ќе ги обединува, тие ќе бидат еден препознатлив и доволно јак субјект. Така што мислам дека тука се потребни мали преформулации, и да се предвидни начинот што би сакала посебно да го нагласам, ми беше укажано од занаетчиите, начинот како ќе оди формриањето на регионалните комори и на националната комора.

Според искуствата во Хрватска, Словенија и Германија, во Бугарија, во најголем број на случаи освен во Бугарија одело по принципот што прво се формирани регионални комори што потоа станале дел од националната комора. Единствено во Бугарија е тргнато по обратен ред, од една национална комора, што имала задача да формира регионални комори. Се разбира, наше е да процениме кој модел би бил поуспешен.

Што се однесува до примерот со германскиот, хрватскиот и словенечкиот, занаетчиите сметаат дека би можело да се тргне од постоечките 17 здруженија на занаетчии кои би можеле да прераснат во регионални комори, кои во одреден рок би требало да се здружат во една национална комора или за сите овие работи би требало во законот да постојат точни надлежности што се надлежностите на едните и на другите. Значи она на што најмногу се задржав тоа е додефинирање токму на оваа област околу здружувањето затоа што тоа е многу битно. Ако добро се регулира таа материја, занаетчиите ќе имаат стимул да работат и ќе знаат во кои рамки тоа да го прават.

Инаку, постои расположение од Германската Влада овој проект да продожи понатаму. Тој е продожен уште за една година и тие се подготвени да помогнат во формирањето на овие комори, во изградбата на тој занаетчиски регистер и да го пренесат исто така своето искуство во поглед на системот на едукација, добивање мајсторски испити и слично, што мислам дека е еден многу практичен и добар приод.

Толку би рекла, во секој случај големи честитки до предлагачот на овој закон. Мислам дека ова е вистински потег и би сугерирала и во иднина да се работи на вакви и слични закони.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Благородна Мингова-Крепиева.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА - КРЕПИЕВА:

Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, претставници од Владата,

Се добива впечаток за една мошне значајна стопанска дејност, како што е занаетчиството, барем во почетокот да говорат само пратеничките и јас се надевам дека е се вклучат и колегите пратеници и ова не е договор на Клубот на жени пратеници. Сепак, сметеме дека ова е мошне значајна тема и јас ја споделувам честитката на госпоѓата Поповска до Министерството за економија, кое ни понуди навистина еден концизен и прецизен закон кој дава можности за развој на оваа дејност, која за жал во последните децении имаше тенденција на изумирање.

Како една од причините за оваа тенденција на изумирање на одредени занаети многу често можевме да слушнеме дека е и сложената процедура за регистрација на занаетчиската дејност, како и немањето на стратегија и програма за развој на занаетчиството во Македонија, па така за поздравување е предлогот на Владата особено Министерството за економија, да ни понуди закон во кој условите за регистрација се сведуваат само на два во однос на десетина кои со сегашните законски решенија се потребни  за регистрација на занаетчиската дејност. Ова секако дека ќе ја понуди можноста и условите за самовработување и олеснување на занаетчиите за процедурата за регистрација и работа.

Бидејќи сум известител и на Комисијата за еконмски прашања, сакам да кажам дека во расправата особено беше потенцирана потребата од зачувување на културно-уметничката традиција и националниот идентитет, особено во врска со занаетите кои условно можеме да ги кажеме и наречеме како етнозанаети, па така во расправата на Комисијата  беше укажано она што и Роза го потенцира дека во членот 5 ќе треба подецидно да се наведат овие занаети, особено активностите кои единиците на локалната самоуправа и регионалните занаетчиски комори ќе треба да ги прецизираат или донесат за развој и поддршка на овие занаети кои се на изумирање, а сличен третман треба да се даде и на занаетите кои сеуште или не се развиени или се подзаборавени во Македонија, со помош при полагањето на мајсторки испит, започнувањето на работа и други програмски активности на регионалните занаетчиски комори.

Во врска со решението во законот во случај  на смрт занаетчиската дејност да може да ја продолжи брачниот другар или наследник од прв ред, сметам дека и овој член треба да се допрецизира во правец точно да се наведе за кои занаетчиски дејности тоа се однесува, со оглед на потребата од соодветно образование за вршење на таа дејност.

Обидувајќи се да ги скратам своите излагања, со оглед на долгите дискусии од претходните пратеници, ќе укажам исто така деке решението за здружување во регионални занаетчиски комори ќе мора предлагачот на текстот подобро  да го допрецизира, со оглед на тоа што како решение се дава здружување без разлика дали тоа е задолжитено или доброволно. Сосема се согласувам со излагањето на госпоѓа Поповска околу натамошното здружување во асоцијација, односно национална занаетчиска комора, но сега говорам за здружување или зачленување во регионалните занаетчиски комори за што сметам дека е подборо решението доброволно зачленување на занаетчиите во тие регионални комори, заради тоа што

во тој случај комората е ставена во позиција секогаш со својата програма да се стави во улога на поттикнувач на занаетчиската дејност и да претставува интерес на занаетчијата да членува во неа.

Во врска со казнените одредби во членот 54 од Предлогот кој е пред нас сметам дека предлагачот треба да го преиспита и тоа во смисла како нејзината линеарна примена, со оглед на разликите кои постојат во однос на остварувањето на приходите кај различни видови занаети од високо доходовни занаети и оние кои се на работ на опстојувањето.

Со Предлогот за донесување на законот за вршење на занаетчиска дејност се предвидува рокот на усогласување да биде 31.12.2003 година. Со оглед дека ова е прва фаза и не постојат можности овој закон да биде донесен до септември, сметам дека и овој рок треба да се преиспита, затоа што мислам дека веројатно до крајот на годината не ќе може секој занаетчија да го изврши усогласувањето. Мислам дека со право Комисијата укажа на долгата традиција на занаетчиството во државта и потребата, со оглед на постоење голем број неразвиени подрачја во државата со инвестирање во занаетчиството да се отворам можности за вложување помали средства, а отворање поголем број работни места.

На крајот, од сето воа што го кажав и заради добриот концизен и прецизен текст, кој дава услови за развој на оваа дејност, јас и пратеничката група ан СДСМ ќе го поддржиме овој Предлог за донесување на закон за занаетчиска дејност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

На самиот почеток од моето излагање ќе кажам дека го одобрувам ставот на предлагачот дека е потребно да се донесе интегрален текст на нов закон за занаетчиска дејност, во кој ќе бидат содржани и новите измени и дополнувања, за да нема тешкотии во примената на законот со овие нови измени и дополнувања и претходните.

Во 1998 година, Собранието согледувајќи ја потребата од развој на занаетчиството во државата, а со тоа и зголемување на вработеноста, што е голем проблем во државата, го донесе Законот за занаетчиска дејност кој што е изменет и дополнет во 2000 година.

Со оглед на тоа што од колешките пратеници беа кажани голоем број забелешки нема да ги повторувам, но ќе се задржам само на тоа што не беше

кажано, а тоа е во однос на измените и дополнувањата посебно утврдени во членот 11, 37, 38 и 39 од Предлогот за донесување на закон а кои се однесуваат на можноста да се формираат центри за обука во рамките на регионаните занаетчиски комори со цел тие да вршат обука, преквалификација и доквалификација на занаетчиите и другите лица преку програмите за обука одобрени од Министерството за образование и наука и да вршат обука на стручната оспособеност, а за тоа секако да издаваат и уверенија.

Моето мислење по однос на сето тоа што го наведов, а што се содржина на овие членови е дека работите во оваа сфера на образовние на возрасни се поставуваат наопаку. Значи, за да се занимава некој со образовна дејност не е битно што тој треба да исполни одредени критериуми и стандарди - на пример, да има соодветен простор, хигиенски услови, опрема, надгледни средства, соодветен наставен кадар и програми за работа, па дури потоа да може да му се издаде решение дека може да обавува образовна дејност, туку со овој закон однапред се утврдува дека регионалните занаетчиски комори се тие кои може да изведуваат и обука и преквалификација и доквалификација, во исто време и проверска на знаењето.

Значи, занаетчиските комори се промовираат како институции за образование на возрасни, без претходно утврдување на условите кои треба за тоа да ги исполнат.

Почитувани дами и господа,

Наша задача како законодавен дом треба да биде со закон да утврдиме исти стандарди односно критериуми кои треба да ги исполнуваат систе институции кои спроведувааст образование на возрасни. Затоа, прво што треба да се направи е да се донесе закон за образование на возрасни, во кој ќе се дефинира кој може да изведува настава на обрасование на возреасни, кои услови треба да ги исполнува и какви завршни документи може да издава, како и на кој начин ќе се верифицираат од страна на Министерството за образовние и наука. На тој начин, хаосот што владее во оваа сфера ќе се надмине ќе може институции во државата кои се занимаваат со андрагодија да работат на усогласување на програмите за обука на занаетчиите со вакви програми што се спроведуваат од институции за образование ан возрасни во земјите на Европската Унија. Затоа што нашиот стремеж треба да ни биде квалитетно образование преку унифицирање на програмите за обука, прво треба да направиме унифицирање на програмите внатре во државата, да немаме во една институција програма за обука на занаетчии со 50 часови, во друга со 100, во трета со 150, а сите да добиваат исти документи односно исти уверенија за соодветиот

занает. Во исто време треба да ги унифицираме програмите за обука и со програмите од земјите на Европската Унија, со тоа ќе им овозможиме на македонските граѓани со стекнатото знаење и вештини да можат да бидат конкурентни на пазарот на работна на Европската Унија. Значи, во иднина, ќе овозможиме флуктуирање на работната сила на просторот на Европа. Во тој случај нема да биде важно дали некој ја завршил својата обука во Скопје, Струмица, Берлин или било кој друг град од Европската Унија. Таквиот степен на обука веќе го имаат постигнато некои од работничките универзитети кои обучуваат занаетчии и за потребите на пазарот на работна сила на Германија, Швајцарија, Австрија, Италија па и Канада, овие занаетчии со квалитетот на стекнатото знаење и уверенијата кои ги добиваат многу успешно работат во овие земји.

Ме радува тоа што Комисијата за економски прашања во расправата го загатнала и овој проблем, односно се поставило прашањето во врска со продолжувањето на работата и остварувањето на соработката на постојните работнички универзитети, кои до сега вршат ваква обука со иста намена и одговорено е од страна на повереникот на предлагачот дека ваквото утврдување, ваквото дефинирање во Законот за занаетчиска дејност не е во спротивност со рботењето на работничките универзитети и дека со тоа се дава дополнителна можност за стекнување на потребното познавање и соодветна обука. Меѓутоа, дали навистина тоа е така, бидејќи во сето ова основен проблем е тоа што со закон се дава исклучиво право за обука и издавање уверенија само на регионалните занаетчиски комори, без да бидат вклучени и други институции за образование на возрасни кои веќе работат на тоа, кои располагаат со соодветни програми со искуство, опрема, соодветен кадар и комисии за проверка на знаењето. Значи, вака поставен законот во овој дел создава и нерамноправност на пазарот на образованието на возрасните.

Морам да напомнам и тоа, доколку не се донесе закон за образование на возрасни во кој ќе се утврдат условите за вршење на оваа образовна дејност, нема да

може Педагошкиот завод да врши стручен надзор за работа во овие регионални занаетчиски комори, во делот на обуката и преквалификацијата и полагањето на стручниот испит, бидејќи тие не се институции за образование на возрасни и се регистрираат по друг закон, а во исто време и просветниот инспектот не може да врши инспекциски надзор. Тоа, почитувани дами и господа, се случува и денес со голеиот број на приватни школи регистрирани по Законот за трговски друшва како

бироа за вршење интелектуални работи, а кои се занимаваат со образование на возрасни.

На крајот, почитувани дами и господа, ќе кажам дека мора сериозно да пристапиме кон регулирање во сферата на образованието на возрасните без импровизации и да направиме вистински потези со кои ќе се приближиме кон европскиот образовен систем, а не да се оддалечуваме.

Затоа, посебно инсистирам Комисијата за образование и наука да го разгледа Предлогот на законот за занаетчиска дејност и да го каже своето мислење за овие одредби од законот кои се однесуваат на обуката, преквалификацијата, доквалификацијата и полагањето на стручниот испит и издавање соодветен документ за тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ве поздравувам сите.

Пред нас имаме предлог за донесувње на закон за вршење на занаетчиската дејност. Усвојување на конструктивен закон за вршењето на занаетчиската дејност беше императив на времето уште од моментот на почнувањето на инсталацијата на пазарната економија, на националната економија. Неопходноста од еден ваков закон произлегува од потребата што ја наметнува времето на транзиција, и се претвори навистина во место на голем број невработени млади. Во овие услови, во секоја национална економија многу значајна улога има развојот на занаетчиството, а и она што значи семејно занаетчиство, бидејќи тие овозможуваат абсорбирање на голем број луѓе кои не се вработени, на технолошки вишок, за жал, Законот за вршење на занаетчиска дејност, не само што е задоцнет, тој беше усвоен и донесен 1999 година и беше изменет и дополнет 2000 година, не создаде амбиент за разој на занаетчиството. Новиот закон за занаетчиска дејност се донесува за отстранување на недостатоците кои ги имаше претходниот закон и за создавање на еден многу поинаков амбиент за развој на занаетчиството.

На крајот како парламентарна група му даваме поддршка на овој предлог за донесување на закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Илиевски.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван претставник на Министерството за економија, колеги пратеници,

Најпрвин јас би сакал да ја поздравам иницијативата на Владата за донесување на овој закон за вршење на занаетчиска дејност. Дотолку повеќе што денеска практично на дневен ред пред Собранието на Република Македонија се најде и овој Предлог на закон од повеќе аспекти.

Неговото разгледување и толкување може да биде од различни пристапи битни и клучни за квалитативната примена и практика.

Меѓу другите примарности од понудената содржина на овој Предлог на закон се создаваат услови за продолжување и негување на старите национални занаети и обичаи кои веќе подолго време се во изумирање, а со цел за зачувување на народните културно уметрнички, занаетчиски ракотворства и традиции, како и зачувување на националниот идентитет индиректно остварен преку нив.

Во таа смисла во членот 10 од овој Предлог закон за вршење занаетчиска дејност посочено е дека секој заинтересиран може да врши занаетчиска дејност под услов да не е во работен однос и да има завршено соодветно средно стручно образование.

Во споредба со член 13 од Законот за занаетчиска дејност од 1998 година за услови на вршење на занаетчиска дејност беа потребни дури 10 услови за да се стекне со право заинтересираниот занаетчија да може да се запише во регистерот на занаетчии со што се стекнува со право за вршење на саканата занаетчиска дејност.

Сето ова доволно говори дека многу е направено во овој Предлог на закон со цел да се олесни и забрза самиот процес на негово запишување во регистерот на занаетчии на секое заинтересирано физичко лице.

Второ и незанемарливо е дека за вршење на занаетчиската дејсност секој интересент поднесува барање до општината за упис во регистарот на занаетчии во самото место на живеење, со што се стекнува со можност за вршење на оваа занаетчиска дејсност, а надлежните во општината најдоцна за 8 дена од приемот на барањето треба да извршат упис во регистарот на занаетчии. Доколку ова не се спроведе во дадениот рок истото се смета за донесено, а занаетчијата може да отпочне со вршење на својата дејност.

Трето, со поволностите кои ги нуди овој Предлог на закон сериозно сметам дека тој ќе биде вистински поттик за нови самовработувања како и нови

вработувања остварени со поволен број на работници кај занаетчија кој смета да го зголемува своето производство како и зголемување на асортиманот на производи што овој закон го дозволува до бројка од 15 вработени.

Треба да се има предвид фактот дека понудените решенија се во насока на развојот на занаетчиството, а со самото тоа и стимулирање на вработувањето како голем проблем што ја тишти државата во овој момент.

Исто така е добро што донесувањето на овој закон оди во две фази со што се создаваат услови сите ние и како пратеници и како членови на работните тела на Собранието го дадеме својот придонес како во подобрување на текстот на законот така и во правец на подобрување на квалитетот на самиот закон.

Почитувани пратеници, затоа сметам дека треба да се даваат предлози и дополни во насока на поголеми олеснувања и поволности што ќе им се понудат на интересентите преку овој закон со цел да се зголеми мотивираноста и желбата кај истите за продолжување на старите занаетчиски дејности. Со ова би се создале услови за поголем интерес кај помладите генерации да продолжат со старите фамилијарни традиции и занаети со што вековните знаења и вештини би се пренесувале на помладите генерации од поколение на поколение.

Содр1жината на овој текст на закон предвидува, заради стимулирање на семејните бизниси постапка во траење од една година при заминување на занаетчија во пензија или смрт околу пренесувањето на правото на натамошно вршење на дејноста од страна на неговите деца т.е. наследници.

Исто така функционално е што за привремен прекин на вршење на занаетчиска дејност во член 21 од овој Предлог на закон се нудат повеќе можности т.е. причини со кои може да се прогласи привремен прекин со цел некои помали проблеми во текот на работењето не доведат до целосен прекин на вршење на занаетчиската дејност.

Посебно треба да се истакне фактот дека Законот нуди можност занаетчиите да се здружуваат во регионални занаетчиски комори во зависност од спецификата на регионалните занаети, се со цел соработка и подобрување на квалитетот на производите, а крајна цел е заетнички настап и на меѓународни саеми и изложби каде би се презентирале националните занаети и мајсторства кои веројатно претставуваат реткост.

Стремејќи се кон поинтензивен развој на занаетчиството законот дава можност регионалните занаетчиски комори да се организираат во регионални центри за обука, преквалификација и доквалификација на занаетчиит еив ршителите

на занаетчиска дејност. Од сите овие причини Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој предлог за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Колку пратенички групи има во пратеничката група на СДСМ, објеснете ми. Изгледа неколку.

Само сакам да ве потсетам дек ана почетокот на расправата по Законот предупредив дека Предлго законот е доставен до сите пратеници.

Реплика г-динот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господин претседателе, господа пратеници, го следам ова што се однесува до Законот за занаетчиството и мислам дека  Предлог законот, како што го читам, е во ред, но мислам дека многу се доцни за она што значи занаетчиство дека е изумрено, затоа ќе треба многу побрзо да се направат многу работи нашите занаетчии повтроно да почнат некои занаети кои во многу членови се предвидени да се заштитат . Мислам дека со ов амногу малку ќе направиме и токму од занаетчиската комора  ќе треба да ги кажат тие занаети кои се во изумирање во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ќе настојувам да бидам пократок, ќе се концентрирам на конкретните забелешки на Предлго законот за занаетчиска дејност.

Според Предлог законот за кој станува збор така како што е предвиденов о членот 2 каде се предвидува физичките лица кои се регистрирани во регистерот на занаетчиите да имаат можност да вршат занаетчиска дејност, мислам дека има една погрешна дефиниција затоа што оваа законска одредба не поаѓа од вршење на занаетчиска дејност, туку од формата на регистрацијата на лицата согласно законот, ова не е во ред.

Во членот 4 од текстот како занаетчиска дејност се смета само она дали е производ или услуга на занаетчиите или уметниците, но на нивно место не се спомнуваат угостителските објекти , транспортните услуги кои сметам дека врз основа на одредбите сите правни акти треба да се опфатат и да учествуваат во тоа што е занаетчиска дејност.

Она што е позначајно треба да кажам дека во членот 20 што се однесува до здружувањето на занаетчиите во занаетчиски комори мислам дека ова здружение треба да се регулира како обврска на занаетчиите да можат да се здружуваат во занаетчиска комора откако интересот е обостран. Занаетчиите за оваа активност се обврзни да платат во име на членството членарина и така ќе се придонесе овие комори да се развиваат и постојат затоа што друг приход немаат.

Во оваа насоак може да се најде простор и во Уставот иако првенствено треба да постои добра волја од предлагачот и од нас како пратеници да можеме ова прашање на зачленвуањето на занаетчиите како обврска да го нормираме со законска одредба.

На крајот сакам да истакнам едно од главните барања од Занаетчиската комора на Македонија би рекол дека овие комори кои ќе се основаат треба да бидат поблиску до занаетчиите затоа што како што реков целта на овие комори е заштитата на самите занаетчии, а штом се поблиску до занаетчиите ќе биде поблиска и нивната меѓусебна работа. Со тоа ќе се заштитат интересите на занаетчиите. Затоа мислам дека е добро да се основаат комори во секоја општина и секоја општинска комора ќе може да формира регионални комори, а овие регионални комори да се здружат во Републичката комора.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ;

Почитуван претседателе, почитувани колеги, претставници на Владата,

И мене ми останува само да продолжам тоа што на афирмативен начин беше кажано за овој закон кој е во фаза на донесување и ќе има можности и натаму да се интервенира во него.

Ме радува фактот дека дефинитивно еден дел од општеството на еснафот како што се занаетчиите што за мене секогаш претставуваат дел од општеството сме одределе рамка што значи обврски, предности и задачи, форма и начин на

дејствувањето на занаетчиите. Затоа мислам дека сето она што е предвидено овде со одредбите на некаков начин дава можност занаетчиите да се организираат онака како што предвидува законот, почитувајќи ја нивната волја и почитувајќи го сето она што тие размислуваат да бидат поорганизирани, значи станува збор за регионални комори и она што се нарекува национална комора.

Навистина ми е задоволство што со овие одредби се предвидува и оваа рамка во однос на членовите во законот, на некој начин ги обврзуваме институциите кои непосредно се во коресподенција во врска со занаетчиите , во однос на нив да имаат еден поинаков позитивен третман, да се најде форма за нивна помош и од аспект на афирмација, јас само ќе илустрирам од практиката примери со кои се соочуваме и  ние како пратеници. Верувајте, каде и да одите во Европа и Светот дестинација или главна дестинација која ни се дава за да прошетаме за време на една посета е посета на чаршијата на тоа место. Ние , за жал или среќа, во другите градови во Републиката, каде и да е , секаде имаме свои чаршии, секаде имаме занаетчии и затоа треба и натаму да создадеме услови да ги афирмираме занаетчиите, но и центрите каде што тие ја извршуваат својата дејнсот. Се надевам дека во овој правец тоа ќе го овозможи и законот, но  третирањето и коресподенцијата на институциите во однос на занаетчиите ќе биде на едно многу повисоко ниво. Значи, пред се, тие треба да се третираат како луѓе што освен со друго се занимаваат и со рачни работи и со ракотворби, луѓе кои се познати како филигранисти или како други занаетчиикои се ретки во нашата држава. Со едне збор, треба да се подржи и да се  стимулира законот во конечната фаза да ја добие својата навистина најдобра форма која ќе биде во прилог на занаетчиите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Пратениците нека влезат во салата.

Имаме неколку точки само за гласање и со тоа ќе завршиме за денес со работа.

1.Собранието на РМ го усвојува предлгоот за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност.

2.Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има превид мислењата и предлозите содржани во извештаите на

работнит етела и од расправата на седницата на Собранието на Република Макеоднија.

3.Заклучокто заедно со извештаите на работните тела и стенографскит ебелешки од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достават до Владата на РМ и до Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 22 точка - Предлог за именување на вице гувернери на Народната банка на Република Македонија.

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот Ванчо Каргов да биде именвуан за вицегуврнер на Народната банка на Република Македонија.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот  Ванчо Крагов да биде именуван за вицегувернер на Народната банка на Република Македонија.. (Еден од пратениците бара збор).

(Барате збор?, го заклучив претресот).

... го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 67 за  и 1 воздржан.

Констатирам дека Ванчо Каргов е именуван за вицегувернер на Народната банка на Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот Емилија Нацевска да биде именувана за вицегувернер на Народната банка на Република Макеоднија.

Молам, кој бара збор?

Има збор, господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, јас барав збор уште на почетокот и сакав да ставам една забелешка за начинот како едојдено до предлогот и решението за вицегувернерите. Инаку, немам против личностите, односно кандидатите што се предложени за вицегувернери. Имам посебна чест кон нив и поради квалификациите и работата што ја вршат таму каде што се.

Но како пратеник, иако сум направил неколку консултации и со пратеници, не сум дошол до заклучок дали е или не е во ред ова прашање, па затоа го поставувам како дилема, односно како проблем.

Пред неколку дена донесовме Закон за банки и таму на некој начин гласавме за законот , каде при изборот и предлогот за вицегувернери се овластува , односно тоа право го има гувернерот на Народната банка. Денес даваме предлог, односно го усвојуваме Предлогот од Претседателот на Државата за кандидатите за вицегувернери.

Уште од 1994 година ние сме избрале гувернери и вицегувернери, во 1998 година е даден предлог да продолжи нивниот мандат и со едно еклатантно мешање на политиката сме го ставиле под знак на прашање авторитетот на оние, кои и покрај тоа го уживаат и од научен и од јавен аспект во една недобра состојба што не треба да се повтори и за мене не е во ред. Ние, вицегувернерите на Народната банка пет години ги државме да висат и во една состојба, повторно недобра состојба што се однесува до мене. Дури, јас ќе одам и со имиња, за госпоѓа Душанка Ристова и за д-р Шабан Превала. Два пати поминаа во минатиот мандат и во Комисијата за избори и именувања и никогаш Собранието не најде за сходно да расправа околу овој предлог што помина и на тие комисии. Знам дека некој ќе рече дека ова е работа што ја имаше Собранието на Република Македонија со мандатот или парламентарците со минатиот мандат, меѓутоа вакви нешта не треба да се повторуваат. Па затоа ќе кажам дека на еден начин, како Парламент, сме останале со еден морален долг врз овие двајца кандиати, актуелни вицегувернери кои пет години сме ги држеле во неизвесност во парламентарна постапка. И покрај тоа, станува збор за луѓе кои имале и обврски значајни за самата држава, затоа што станува збор за вицегувернери.

Знам дека е доцна. Сигурно се земени предвид и политички ставови, но требаше мандатот да им заврши па да продолжат колку што имаат една или две години, но сега сме во една таква состојба и сме преминале на конкретни предлози. Сакав мојата дилема да ја нагласам на ваков начин, затао што не е дејствувано добро во однос на она што значи парламентарна постапка во текот на минатите години за овие двајца кандидати, досегашните вицегувернери.

Незнам, господине претседателе, ја мрдате главата, сигурно ќе имате и ваш коментар, но на почеток слободно ќе кажам, можете да го коментирате ова, па ако имате ваши сугестии не е проблем. Повелете, но мислам дека требаше да се дејствува малку поинаку.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Само ќе ви кажам деак целосно не сте во право.

Ова е прв пат за пет години овластен предлагач до Парламентот да достави предлог за вицегувернери. До сега Парламентот нема добиено. Тој што ве брифирал дека добил, а во Парламентот бил закочен, ве дезинформирал.

Никој друг не бара збор.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Емилија Нацевска да биде именувана за вицегувернер на Народната банка на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 69 за, 1 воздржан.

Констатирам дека Емилија Нацевска е именувана за вицегувернер на Народната банка на Република Македонија.

Отворам претрес по прелогот Фатмир Бесими да биде именуван за вицегувернер на Народната банка на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Се јавувам во насока да ја поддржам кандидатурата на господинот Фатмир Бесими, но истовремено да го привлечам вниманието токму на кандидатурата на господинот Бесими.

Тргнувајќи од фактот дека пред нас имаме еден кандидат со целоснас четиристранична биографија, личност која е млада, а истовремено еден од кандидатите со перспектива. Истовремено мислам, дека, давајќи предност и решавајќи или поддржувајќи во оваа насока лица кои покажале успејх во нивната досегашна работа, а истовремено се членови на новата млада генерација, даваме позитивен сигнал за поддржување на новите визии, на новите генерации во процесот и земањето одговорност.

Во овој правец, уште еднаш сакам да кажам дека пред нас имаме еден кандидат кој импонира и мислам деак има многу нешта што се кажани во самите страници, напишани од негова страна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот и предлогот Фатмир Бесими да биде именуван за вицегувернер на Народната банка на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 66 за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Фатмир Бесими е именуван за вицегувернер на Народната банка на Република Македонија.

Минуваме на точката 23 - Предлог на одлука за изменување на Одуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлог - одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 60 гласале за, 10 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на ОБСЕ.

Минуваме на точкаата 24 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот парламент.

Одлуката ви е доставена.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлог - одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 58 гласале за, 10 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот и членови на

Делегацијата на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот парламент.

Минуваме на точката 25 - Предлог за изменување на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Завод за здравствена заштита” - Скопје.

Предлог - одлуката ви е доставена.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлог - одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 57 гласале за, 11 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Завод за здравствена заштита” - Скопје.

Минуваме на точката 26 - Извештај за работа на Комисијата за хартии од вредност во 2002 година, со Годишната пресметка на Комисијата за хартии од вредност за деловната 2002 година.

За оваа точка немаме претставник на предлагачот.

Минуваме на точката 27 - Информација за потребата од изградба на патниот правец на делниците Скопје - Миладиновци - Свети Николе; Штип - Радовиш - Струмица и Штип - Кочани - Делчево.

И за оваа точка, пратеникот Даневски беше предлагач, овластен во име на предлагачите, не е тука.

Бидејќи за овие две точки немаме предлагачи, предлагам тука да ја завршиме денешнава седница.

Овие две точки ќе ги гледаме на продолжението во септември.

Ви посакувам добар одмор.

(Седницата прекина со работа во 14,10 часот)